УНИВЕРЗИТЕТ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ,, СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Последипломски студии по педагошки науки

**Магистерски труд**

# СЛОБОДНИТЕ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидат

Венера Николовска

Ментор

Проф. Д-р Анета Баракоска

јуни, 2015

СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................... 5

**I.Теоретски пристап кон проблемот на истражување**........................7

1.Историски развојна димензија за феноменот слободно време........8

1.1. Слободно време во античкото општество ............................9

1.2.Слободно време во феудалното општество и раниот капитализам..............................................................................12

1.3 - Слободно време во капиталистичкото општество..............14

2. Поим и дефинирање на слободното време ................................17

3.Фактори на организирање на слободното време .........................29

4.Поим за слободни ученички активности ........................................37

4.1 Воспитните можности на слободни ученички активности.....44

5.Поставеноста на слободните ученички активности во основното воспитание и образование ............................................................. 46

6.Улогата на наставникот за реализација на слободните ученички активности ........................................................................... 62

7.Современото училиште и материјално – техничките услови за реализација на слободните ученички активности.................... ........ 72

**II. Методологија на истражувањето** ..................................................76

1.Предмет на истражување..............................................................77

2. Цел на истражување ......................................................................77

3.Задачи на истражување ........................................................78

4.Хипотези на истражување............................................................. 79

5.Варијабли на истражување............................................................ 80

6.Примерок на истражување............................................................ 80

7.Методити , техники ,инструменти за реализација на истражувањето............................................................................ 81

**III.Анализа на добиените податоци** .................................................... 83

IV. Заклучни согледувања и препораки............................................. 130

V. Прилог на инструментите ............................................................ 142

VI. Користена литература.................................................................. 156

# Вовед

Со растењето на детето расте и неговата слобода детето треба да согледа дека одговорноста и слободата одат рака под рака колку повеќе обврски и одговорности толку повеќе слобода

Кинеска мудрост

Современото училиште се менува заедно со предизвикот наречен научно технолошка револуција ,потребата од поинаков пристап со ученикот е неминовна и потребна. Теоријата се поврзува со праксата а единството помеѓу нив во рацете на професионалци доведува до вистинска реализација и успешен резултат. Добро организираното планско воспитно образовно дејствување претставува темел и основа за градење на правилен однос на секое дете кон самореализација и формирање на позитивна личност .

За користење, организирање и исполнување на слободното време се грижат низа организации, установи, објекти, служби, поединци. Воспитувањето на младите секогаш било предизвик и важно е да воспитаме млади личности кои успешно ке се снајдат во брзиот напредок и развој на современото живеење. Да се влијае врз личноста која е во развој, потребно е пред се да се пристапи темелно и многу подготвено во сите сегменти на воспитно образовниот процес.

За успешен развој на ученикот од голема важност е реализирањето и организарање на слободните ученички активности во основното училиште. Како фактор кој влијае врз развојот на личноста но и како место и форма каде секоја индивидуа слободно ќе пристапува и ќе се самореализира, каде ќе биде дел од групата, место каде ќе се приклучува по слободен избор врз основа на своите интереси.

За слободните ученички активности многу малку се говори или прави нешто за да се измени и покрај нивната важност и улога. Досегашните дискусии за оваа тема се насочени кон маргинализација на овој проблем како дел од слободните активности на учениците а многу често се насочува и како фактор за оптоварување на учениците.

Слободните ученички активности даваат голема слобода во автореализацијата на личноста можеби се и единственото место каде индивидуата организирано се открива себе и работи во насока да на свој начин ги открие своите афинитети и квалитети ,тоа за што може најдобро да се изрази и реализира и да даде најдобри резултати.

Во новиот концепт на деветгодишно основно воспитание и образование слободните ученички активности се поставени во концепцијата и законот за основно образование како дел од проширената програма на основнот училиште. Во концептот на деветгодишно основно воспитание и образование се зголеми бројот на часови во редовната настава,содржините за реализација во целост речиси се дуплираа а, возраста на учениците за задожително започнување на наставата се смали за една календарска година. Слободните активности од прво до деветто одделение се предвидени и планирани во проширената програма на училиштето зависно од условите во училиштето и структурата на наставниците се планираат содржини блиски и интересни за учениците.

Мотивите за избор на овој предмет за истражување потекнуваат од самиот факт дека не постојат доволно истражувања за слободните ученички активности па истите го немаат добиено своето вистинско место и значење во наставата .

Структурата на овој труд има два дела првиот е теоретски а вториот е истражувачкиот односно методологијата и анализата на добиените резултати.Теоретскиот дел опфаќа погледи за историскиот развој на слободното време и слободните активности,поим и фактори за реализирање на слободното време и слободните активности ,поставеноста на слободните активности по однос на деветгодишното воспитание и образование, подготвеноста и мотивираноста на наставникот и условите за реализирање во основните училишта.

Во вториот дел се опфатени проектот за реализација на истражувањето, предметот на истражување„Поставеноста и реализацијата на слободните ученички активности во деветгодишното основно воспитание и образование „целите, задачите, хипотезите, опфатеноста на примерок, варијабли, инструменти и анализа на добиените резултати.

# Теоретски пристап кон проблемот

# 1.Историско развојна димензија за феноменот слободно време

Гледано низ минатато феноменот на слободно време се менувал со општественото уредување. Слободното време е нераскинлив дел на работата, во зависно од развојот на општеството и слободното време и активностите се менувале во зависно од сталежите и класите. Тоа било време за забава и задоволство на богатите а, време за вистински физички одмор на сиромашните и обесправените .

## 1.1.Слободното време во првобитната заедница

Во примитивните општества наместо слободно време постоело време одредено за церемонии кои најчесто биле поврзани непосредно со работата. Верувањата на народите и племињата делувале и на слободното време .

Работата во првобитната општествена заедница била сведена на обработка на земјиштето, истата била прекинувана во зависност од годишниот временски период и периодот на денот. Најчесто во текот на денот работата била проследувана со ритуали, пеење и играње. Пропратена со низа практични активности, секоја нова фаза од работата била поврзана со магиска церемонија. Така забавата неможела да се оддели не само од работата, туку и од обредите, церемониите, култовите...

Постојаната испреплетеност на овие две активности (слободно време и работа) укажуваат на фактот дека во првобитната општествена заедница неможе воопшто да се изврши одвоеност на слободното време и работата, затоа што животот во ваков тип на општество не се базира на категориите карактеристични за индустриската култура (Бараковска,А., 2003:17).

Во ваквите заедници значењето кое се придавало на религиските обичаи било пред се за задоволување на основните потреби за живот, да се добие заштита и наклонетост од духовите и божествата. Оттука доаѓа и до испреплетување на

примитивно општествената работа со играта и активностите кои имале забавен карактер и елементи на религиски обреди и церемонии.

Со појавата на класите се јавува и поделбата на слободното време и работата. Слободното време станува привилегија на владеачката класа во општеството а сон за сиромашните.

Физичките и другите работи за нив ги изведувале потчинетите, а додека владеачките слоеви се занимавале со содржини кои ја претставувале нивната поделеност во однос на сиромашните и желбата за себеистакнување и популаризирање.

## 1.2 Слободното време во периодот на робовладетелството и античкото општество

Во овој период разни мислители се занимавале и интересирале за проблемот на слободното време и неговите активности , нивните ставови биле разновидни.Во робовладетелското општество поделбата на работата била таква да робовладетелите биле привилегирани и се занимавале со водење на државни работи, политика, водење војни и освојување на територии, се занимавале со филозофија, уметност, литература, наука.Тие биле ослободени од секаква производствена и физичка работа (на нивите , бродови, работилници,рудниците , дома).

Додека пак, робовите биле тие кои се занимавале со производство и секаква друга тешка физичка работа.Робовите немале никакви права биле третирани многу лошо и често третирани и продавани без право на глас и слобода. Ваквата поставеност и поделба условила да слободното време кое било исполнето со одмор, разговори, учење и неработење да биде привилегија само на робовладелската класа.

Периодот на антиката е познат со голем број филозофи и мислители и доста интересни ставови и сваќања по однос на слободното време се искажани и дискутирани па дури и ден денес се почитуваат и користат.

Богатите робовладетели во античка Грција своето слободно време го поминувале во медитација, филозофирање, јавни расправи по плоштади, дискусии,присуствувале на комедии и трагедии, музички и ликовни случувања, се занимавале со атлетски активности од тој период дури останала и многу мисли кои и денес доста ги почитуваме и спомнуваме .

Владеачката класа слободното време го минувала низ разни игри и свечености во чест на победи и освојувања, во овој период се уште се чувствува влијанието на боговите и славењето во нивна чест .

Слободното време, своето практично и теориско втемелување го добило за време на Античка Грција. Во Античка Грција имало статус на златен период сместено во општествениот живот за заедницата и го претставувала оној дел од времето кој бил исполнет со игра, физички активности, учење и воспитување и сите други слободно избрани активности кои биле во служба на еден хармоничен духовно-телесен развој на личноста.

На општествено поле тоа опфаќала разговори, беседи и останати активности од јавниот живот кои биле идеал на античкиот поглед на светот. Слободното време во филозофските размислувања било доближувано до божествена висина.

Во стара Грција слободното време е творечки идеал и време на царување на умот, телото и духот. Старите грци ја мереле со боженствени висини, а во земски „низини" им припагало само на само на одреден слој од општетсвото, па оттаму тоа е симбол и поле на привилигиран статус, мерка и волја.

Слободното време е симбол на општествената położба. Античката цивилизација слободното време го познавала само како форма на расположливо време – кое претставувало единствено време на живот на робовладетелите во кое тие се забавуваат, одмараат, веселат и трошат, робовите не смееле да располагаат со слободното време.

Аристотел во своето филозофско учење се обидел да ја определи меѓусебната зависност и условеност на слободното време и работата. Тој сметал дека за слободно време и разонодата се важни и добродетелите на слободното време , но исто така и добродетелите на работата. За работата е потребна решителност и истрајност, за слободно време филозофија, а за едното и другото потребно е разумност и праведност, посебно за оние кои живеат во мир и слободно време (Баракоска,А.,2003:21).

Тој посебен акцент ставал на способноста слободното време подобро да се употреби (поради некоја цел) и во тоа ја гледа смислата на целокупното слободно живеење на човекот. Аристотел прави поделба на слободното време и работата.

Поради ова концепцијата на Аристотел е значајна и од педагошки апсект, посебно поради прашањето кое тој си го поставува, на пример: „Ако се одбере слободно време наспроти работата со што треба да се исполни ова слободно време?“. На ова тој одговара „секако не со игра, затоа што во тој случај играта ќе стане цел на човековиот живот, а тоа е невозможно“( Баракоска,А.,2003:.21).Аристотеловата концепција е всушност идеал на состојба на слобода и душевен развој.

Оттука може да се види дека уште од античкиот период се истакнува видот на активност со која ќе биде исполнето слободното време. Аристотел во својата концепција за слободното време особено ја истакнува музиката над останатите активности, поради нејзиното значајно место меѓу забавите кои се достојни за човекот затоа што ја култивираат свеста и светот на доколицата.Аристотел е познат и по својата мисла „Цел на војната е мирот а цел на работата е слободното време „ (Aristotel ,1960:262).

Платон е пак по познат по своите размислување за спортскиот дух и здраво тело ,па сеуште се размислува за неговите ставови по однос на воспитувањето на машките деца и стекнување на навики под многу сурови околности .(Platon,1957:143)

Постојано провејува една поделеност на слободното време полова и класна од која нема да се ослободиме ни во современите општества.

Идеите за слободно време кои се родени во Античка Грција биле пренесени и во Рим, преку делата и филозофските размислувања на Аристотел и Платон. Во античкиот Рим, преку освојувањето на грчките земји,мешање на народите, постепено ја превземале и нивната култура и обичаи, како и грчкиот стил на слободно време.Иако пак провејува силата и моќта на оружјето, борбите, славењето на витезите и секако класната поделба, бенифиции за богатите кои со пари можеле да си го купат своето слободно време и да присуствуваат на разни прослави, фестивали, натпревари. Римскиот otium е начина на живеење на племенитите Римјани тоа не е неактивност туку занимање со филозофија, политика, интересирање за уметност.

На друга страна постоел negotium, кој означувал недоколица, односно работата на трговците, занаетчиите и воопшто градскиот слој.

Римјаните за разлика од грците, имале монопол на класна привилегија на слободното време, но и повеќе проблеми со исполнувањето со содржини кои се

достојни за човекот. „Поштеното безработење е прекрасно“. Работата за старите Грци била еден вид оддалечување (скринување) од нормалниот начин на живот. Меѓутоа треба да се истакне дека нивното сфаќање за слободното време не значи целосно неработење.

Старогрчкото sholé (lat. schole) означува слободно време, доколица, одмор, бесцелност; но тој збор истовремено означува и време посветено на учење и научни разговори, школо, особено филозофската школа (оттаму произлегува и средновековната сколастика (scholastica)) (Nenadić,M.,1997:3).

Римскиот период е плејада од развој на слободното време и неговите активности .Римјаните се познати по организирање на слободното време. Слободното време за сите слободни граѓани се одвивало на разновидни јавни места, како на пр.: амфитеатри, бањи, форуми, циркуси и стадиони кои биле пропратени со разновидни и бројни игри, забави, творење.

Кај патрициите, во содржините на слободното време биле застапени и културни активности како јавни говори на филозофи, јавни рецитали, театарски претстави, атлетски натпревари и сл.

Како нишка која провејува е дека во овој период се водело грижа за младите генерации подостоинствено користење на слободното време и учество во разни слободни активности. Во овој период се изградени и разни објекти кои би послужиле за реализација на слободните активности од различен карактер.

### 1.3. Слободното време во феудалното општество и раниот капитализам

Со почетокот на владеење на варварските племиња, падот на Западното римско царство, ширењето и победата на христијанството и распадот на робовладетелскиот поредок, се гради ново феудално општествено уредување со нови општествени, економски и политички односи, со свои особености на сите подрачја од животот.

Слободното време е општетсвен феномен, секогаш во себе ги содржи и карактеристиките и специфичностите на развојот на општетството.

Феудалното општество се состоело од две класи: феудалци и кметови. Феудалната класа се состоела од два сталежа: духовен (свештенство) и световен (племство) и

имало владеачка позиција во општеството. Потчинетата класа ја сочинувале зависните селани и занаетчии.

Местото и улогата на секоја од класите во општествениот живот го диктира фондот на слободно време, но истовремено и начинот на негово исполнување.Во овој период е засилено влијанието на црквата и духовниот живот.Па црквата и државата го определувале обемот на слободно време на сите општествени класи. Основната идеологија и начин на размислување се наоѓала во црквата која поседувала главен монопол над поседите, приходите и моќта.

На почетокот манастирите биле средиште на научна дејност, уметност и книжевност, а световното племство се занимавало со војување или пак организирале турнири, лов и друг вид забави во дворовите.

Подоцна кралските дворови стануваат и центри на уметноста, културата, музиката и книжевноста. Главниот момент во животот биле молитвата и работата. Работата станува средство за постигнување Божја милост, а слободното време почеток на сите опачини.

Но тоа се однесувало само на кметовите, слободните граѓани и занаетчиите, додека високите црковни достоинственици и световни феудалци уживале во плодовите од работата на пониските слоеви од населението.

Слободното време на кметовите, слободните селани, трговците и занаетчиите се сведувало на најпотребниот физички одмор и неминовната молитва (Баракоска, А.,2003:26).

Европската цивилизација на средниот век неслучајно се нарекува и „цивилизација на работата“. Местото кое го зазема работата во низата основни вредности и сфаќања кои го сочинуваат костурот на таа цивилизација е особено голем во споредба со другите цивилизации кои и предходеле или кои и биле синхрони.

Слободното време претставувало само начин да се исполни неработниот празен и несодржаен живот кој се базирал на девизата според која работата се толкува како последна цел во животот, за слава божја.

Во периодот на хуманизмот и ренесансата, со прогресот на разумот и науката се случуваат битни промени во политиката, верата, општетсвото и стопанството и се

отвараат нови патишта за слободното време и разонодата.Но во сите овие периоди провејува делот дека слободното време е во рамките на побогатите, господарите а посиромашните морале да се врзуваат за строгите црковни закони, верување, молење и работа .

Карактеристично за овој период е зачетокот на современите науки, се намалува незнаењето и суеверието, се подобрува академското знаење, оживува културата, традицијата и занаетчиството. Во овој период имаме и зачеток на буржуазијата која била главен носител на се што е прогресивно. Со појавата на буржуазијата се настануваат и промени во однос на слободното време. Таа го бара своето место на рамноправен член во кругот на оние кои се сметале за луѓе.

Во периодот на хуманизмот и ренесансата се јавуваат неколку истакнати претставници кои со своите дела се обиделе да дадат ново значење на слободното време (како на пример Tomas Mor, Tomasso Kampanela, Fransoa Rable, Misel de Montejn).

Томас Мор во своето дело „Утопија" предвидува дневно 6 часа работа и тоа по 3 часа претпладне и попладне. „На секој му е допуштено слободните часови – оние вон работата и ручекот – да ги минува по своја волја, но не со „уживање и излежување, туку со некоја пријатна работа вон своето занимање" (Баракоска,А.,2003:28).

Карактеристично за овие претставници на хуманизмот е тоа што ја збогатиле античката смисла на слободното време. За нив е карактеристично тоа што слободното време нема обележје на безделничење и доколица, туку е активен одмор, разонода, усовршување, учење и сестрано развивање на човекот.

## 1.4. Слободното време во капиталистичкото општество

Карактеристично за капиталистичкото општество е зголемување на моќта на владеачката класа и бездушна експлоатација на работниците. Влеадеачката класа, во духот на работата кој го проповедала католичката верска заедница, врши експлоатација над работничката класа и го одредува траењето на работниот ден.

Често во тоа безмилосно ги користи и децата кои од мали нозе морале да работат наместо да учат .Во периодот на манифактрурата на работничката класа и се

наметнуваат ригорозни работни обврски кои биле продолжувани до крајот на денот. Работниците работеле од 14-16 часа дневно под строга дисциплина, придружена со телесни казни, дури и затвор.

Замената на манифактурата со машинското производство води до поголемо одвојување на фабричкото работно време така да и работничката класа полека се развива и има повеке слободно време но и потреба да се надградува и интелектуално.

Некогашниот сестран занаетчија се преобразува во фабрички работник на машина на која се специјализира да изведува само одреден број на функции.Индустријата има сурови последици по работникот кој морал максимално да работи и единствено слободно време било времето за одмор и спиење, надополнување на енергијата од заморниот ден и нови сили за работа.

Во овој период особено доаѓа до продлабочување на јазот меѓу работничката класа и владеачката буржуазија. Работничката класа не располагала со имот, туку имала само физичка сила и време кои ги продавала за ефтини пари. Тие биле лишени од некое потемелно образование. Биле „предодредени“ да не поседуваат слободно време, бидејќи ако го имаат постои страв дека истото ќе биде искористено на начин кој не и одговара на буржуазијата.

Ниското ниво на живот, материјална несигурност и недостатокот на образование стануваат главни фактори кои го спречуваат човекот активно да учествува во своето слободно време. Со тек на време и меѓучовечките односи во процесот на произвоство се повеќе се комплицираат. Во такви услови на искористување на работничката класа се создаваат и првите движења за скратување на работно време и борба за поголемо слободно време и негова демократизација и збогатување со содржини.Почнува созревањето на работничката класа и полека се раѓа една бунтовност кон потребата за поголеми права.

Слободните наемни работници стануваат први носители на правото на слободно време. Со нивното право на слободно време, до кое дошле преку скратување на работното време, индустриското општество во потполност го менува односот, не само кон работата, туку и кон слободното време. Тие, многу повеќе од буржуазијата придонеле да во граѓанското општество исчезнат, не само средновековните етички принципи „јуначка мрзливост“ на витезите – како што Маркс умешно го нарекува

војување, витешки подвизи и забава – туку и секој легитимитет на доколицата на „мрзливата класа“ (engl. leisure class), чии основни карактеристики се: присвојување на туѓата работа, омаловажување на призводствената работа и непродуктивност (Nenadić,M.,1997:4)

Во овој период зачестуваат и напредните работнички движења за скратување на работното време. Покрај основните услови на скратување на работното време (воведување осум часовен работен ден), зголемување на годишниот одмор, подобри хигиенски услови за работа и сл., работничката класа го истакнува и барањето слободното време да не биде само во функција на обновување на физичката сила потребна за работа, туку и разновидни општествени активности кои на работниците им овозможуваат одмор, разонода и развиток на личноста.

Еден од позначајните претставници на социјализмот и поборник на правата на работниците е Карл Маркс. Според него слободното време на капиталистичкото општество постои само како спротивност на вишокот на работно време. Противречниот карактер на постоењето на слободното време се изразува со тоа што капиталот создава слободно време, но истовремено го претвара во вишок од труд, оти работното време е основа, извор и мерило на богатството, оти неговата цел е директно вредносна, а не употребна вредност .(Баракоска,А.,2003:36)

Маркс слободното време го дефинира како „време потребно на човекот да се изгради, духовно да се развива, да врши општествена функција и да живее општествен живот, време за слободна игра, физички и духовни сили“. ( Баракоска,А.,2003:36)

Време за полн развој на индивидуата  а не само време за забава ,безделничење ,културна историја ,или одмор на работната сила .Карактеристично за Маркс е тоа што прави разлика помеѓу времето кое се определува за работа и неработното време од една страна и слободното време од друга страна. За него главниот дел од времето кое не се посветува на работа е слободно време.

Во рамките на слободното време ја вклучува и доколицата „време за возвишени дејности“Маркс е силен подржувач на работничката класа и носител на едно движење кое го менува општетсвото и ја зајакнува работничката класа.

Размислувањата и филозофските ставови и помагнале на работничката класа полека да се буди и да ги бара своите реални права и со тоа го менува и сваќањето за правото

на слободното време , време за кое секоја идивидуа според своите интереси ќе си пронајде свои содржини и активности .Педагошкото значење на слободното време мошне интересно го опишува авторот Kaćavenda-Radić со следнава мисла.„Образованието и слободното време се феномени и вредности кои се во интеракциски однос. Историјата на теоријата и праксата на воспитанието и образованието и историјата на слободното време се делови од еден ист процес кој е неодвоив од историјата на работата“.(Nenadić,M.,1997:6)

## 2.Поим и дефинирање на слободното време

Слободното време е феномен на општественото живеење . Современиот човек слободното време го користи во одмор ,разонода ,рекреација .за образование ,самобразование , во опшествена активност, мас медиумите и масовната култура. Со сигурност може да се каже дека паралелно со развојот на науката ,техниката и урбанизацијата се поизразена е и потребата за посуштински и поорганизирано слободно време .

Слободното време како општа појава на современото општество навлегува во сите подрачја на општествениот живот како економски, социјални, кутурни , политички феномен. Тоа е поливалентна појава , затоа е потребно тоа да се проучуваа во сите негови димензии и аспекти.

Слободното време најмногу е разгледувано како социолошки феномен со сите свои предности и недостатоци , но многу бргу станува дел на проучување на различни науки кои го разгледуваат слободното време од свој аспект.

За нас особено е важен и интересен оној дел од педагогијата како наука која ги проучува педагошките аспекти на слободното време .

Од бројната литература на оваа тема која беше предмет на анализа ,мора да истакнеме дека постојат многу различни теоретски ставови и објаснувања за феноменот на слободното време , бидејќи е разгледувана од разни научни аспекти .

Први теоретки ставови се социолошките ставови и интерпретации на кои ке се задржиме и ќе дадеме свое објаснување и анализа.

## 2.1.Теоретски интерпретации на поимот слободно време во поранешната СФРЈ

Меѓу првите социолошки интерпретации за слободното време на поранешната СФРЈ е таа на Фијаменго објавена во во статијата „Слободното време во услови на машинска цивилизација" каде се разгледува историскиот развој на слободното време, условите за остварување на слободното време, самата вредност на слободното време, проблемот на однност на животот кон слободното време, како и основните форми и можност за користење на слободното време. (Баракоска,А.,2003 :52)

Посебно се задржал на делот на позитивните видови на користење на слободното време ,кои имаат големо влијание на процесот на производство и на текот на другите општествени појави .

Академикот Радомир Лукиќ слободното време го гледа како процес на забава, игра и доколица, а доколицата ја третира како важен дел од општествената надградба. Тој посебно внимание посветил на активностите на слободното време и смета дека нивната улога е трислојна:

- тие влијаат на човековиот одмор од неговата секојдневна работа;
- придонесуваат за изградување на сестран и потполн човек;
- носат уживање и радост , затоа што човекот слободни ги употребува своите способности со цел која сама ќе ја определи. ( Бараковска, А.,2003:53)

Според Љубинка Брочич,слободното време е збир на активности со кои поединецот се занимава по релативно слободна волја, било да се одмара, било да го дополнува своето општо и стручно образование, било да се забавува.Таа истакнува дека слободното време има функција на одмор, развој на личноста и забава (Brocic, Lj. 1970:21).

## 2.2 Теоретски интерпретации на поимот слободно време воЕвропа и САД

За слободното време доста интересни и разновидни се објаснувањата на социолозите од поразвиените земји Европа и САД.

Интерпретација за слободното време меѓу првите дал француският социлог Georges Fridman, кој зборува за два термина „ослободено време „ и слободно време „.Според него ослободеното време е целокупното време вон задолжителната работа, но тоа не е време во кое може да дојде до израз слободниот израз и желбата за сопствени активности. Слободното време според Фридман е оној временски интервал кој е ослободен од секакви обврски во која личноста се обидува да се изрази според сопствен избор ако поседува способности и средства да се развие.( Баракоска, А.,2003:38)

G.D.Butler терминот слободно време го истоветува и заменува со рекреација ,а рекреација можат да станат само оние активности кои се морално прифатени,слободно мотивирани , физички и ментално ја изградуваат личноста .(Batler,G.D.,1959:4)

Од Европските автори сепак најголем допринос за поставеноста на слободното време и научно објаснување има француският социолог Joffre Dumazedier .Тој го разгледувал проблемот на слободното време од повеке аспекти, социолошки, педагошки, културен, економски и според него слободното време е „збир на активности на кои поединецот по своја волја потполно може да се предаде било да се одмара или забавува било да го зголемува нивото на својата информираност или своето образование или доброволно друштвено да се ангажира или да ја остварува својата слободна творечка способност, одкога ќе се ослободи од своите професионални, семејни и општествени обврски " . ( Dumazdier, J.,1962 :116-117)

Димаздие поставува поинаков поглед на разгледување на слободното време кое е дел и од времето поминато со семејството .Тој зборува за три функции на слободното време одмор, разонода, и развиток на личноста, која за нас како педагози е најинтересна и најзначајна .

**Терминолошки согледување на слободното време и доколицата**

При прегледот на теориските анализи кои го разгледуваат проблемот на слободното време се гледа дека авторите користат различни поими и термини за една иста или слична содржина. Така на пример како сродни поими се: слободно време, вонработно време, неработно време, доколица, забава, рекрезација, хоби и сл.Ваков неединствен пристап во определувањето на содржината на поимот слободно време се среќаваат и во англискиот јазик, и тоа: free time, leisure, leisure time, pastime, time off, spare time и сл.Направивме краток поглед на некои поинтересни ставови за слободното време и неговото толкување

Во трудовите на голем број автори често се сретнува два термина: слободно време и доколица. Голем број автори прават појмовна разлика меѓу доколица и слободно време, а има и такви кои сметаат дека е потребно посебно внимание да се посвети на дистинкција меѓу слободното време и време слободно од работа (die Freizeit und arbeitsfreier Zeit) (Božović, 1972, 1979; Despot,1976; Martini, 1977; Scheuch, 1972; de Grazia, 1962, Nenadić, 1997: 11).

Доколицата е исполнета со творештво, а слободното време е масовна појава. Слободното време во однос на работата е негова спротивност, додека за доколицата, која е исполнета со творештво и е ослободена од нужноста за работа, тоа неможе да се каже. Доколицата не може да егзистира таму кај што луѓето незнаат што таа претстваува. Идеал е слободното време да се претвори во свесна доколица.

Тоа биле ставовите на Себастијан де Грација, на кои се повикуваат голем број автори, а посебно Нада Качавенда Радич .

Спротивно од мислењето на Грација (Sebastijan de Gracija) за кој доколицата претставува идеал кој тешко се остварува, а основната смисла му е највисок облик на творештво и креативност, постојат и автори кои ја поистоветуваат со неработење, излежување, пасивен одмор и празна забава.

Постојат и трети кои сметаат дека доколицата не е ниту едно, ниту друго, туку просто непродуктивно трошење на времето ( Бараковска,А., 2003:58).

Де Грација и Пајпер акцентот го ставаат на квалитативниот аспект на доколицата. Истиот онај аспект без кој образованието не би можело да опстане. Поседувањето на

слободно време само по себе не создава услови за едукативна дејност, доколу и самото слободно време не ја достигне доколицата, доколу не е активност избрана заради нејзе самата, т.е ако не е цел која се тежнее заради самото него. Независно од тоа дали е масовна или елитистичка, доколицата претставува привилегија на самодејност и самоцелиисходност (Nenadić,M.,1997:11).

Томас Кандо смета дека доколицата може да се дефинира според:

1. нормативна поставка како идеал кон кој луѓето тежнеат и за кој треба да се борат; и

2. според емприска концепција која се однесува на егзистенционално рекреативно однесување, на се она што поголемиот дел од луѓето го работат во своето слободно време.Кандо наоѓа место и оправдување за уважување на нормативната (идеалистичка) концепција. И од гледиште на образованието, идеалистичката концепција на доколица е позначајна од емпириската концепција на слободното време, иако одредени облици на образование може да се остварат и во форма на егзистенционално рекреативно однесување (хоби, рекреација, аматерски спорт, работа во секции и сл.).

Од друга страна, доколицата не го исклучува односот кон слободното време во неговиот емпириски облик.

Тоа може да се објасни со моделот на Нојлингер (Neulinger,Dz.,1981:18-65) кој се однесува на три типа на слободно време и три типа кои тоа не се.Моделот на доколица и не-доколица на Џон Нојлингер, современ американски психолог, е парадигматичен случај бидејќи во реалниот живот не се јавуваат во чиста форма, но може да се доближи до некој од нив.

Според него типови на слободно време би биле:

1. вистинска доколица (pure leisure), активност која потполно е слободно избрана и се изведува заради неа самата, или доколица во класична смисла – идеал за кого треба да се бори, но тешко може дас се достигне;

2. слободно време-работа (leisure-njork), активност која е избрана целосно слободно, а нуди и внатрешно задоволство и надворешна награда;

3. слободно време-работа (leisure-job), активност која е избрана целосно слободно, но под услов да е избрана заради задоволување на нејзината последица (награда), како рекреација, на пр. некој извршува одредена работа заради зачувување на здравјето, а не затоа што тоа го препорачал лекарот, и тоа по сопствен избор.

Три типа на состојби кои не се типови на слободно време се:

1. вистинска работа (pure njork), изведување активнот под присила (како последица на нужност), но без обезбедување потполна внатрешна награда, иако е без чувство на слободен избор (слобода);

2. работа-занимање (njork-job), изведување на активност, бидејќи е нужно тоа да се прави, но подразбира внатрешна и надворешна мотивираност со различен интензитет;

3. вистинска работа (pure job), потполно спротивно од вистинската доколица бидејќо не се ужива во активностите, а со нив се занимава заради резултатите кои тоа го подразбираат .

Парадигмата на Нојлингер за слободното време и состојби кои не се слободновременски може да се примени и на активностите во образованието. Врз основа на овој модел можеме да ги класифицираме и учениците и студентите, како и наставниците и професорите.

За едните образованието е активност избрана потполно слободно и се изведува заради неа самата; а за другите, иако е избрана потполно слободно, во неа уживаат заради консеквенците кои таа ги предизвикукува; за трети таа е активност избрана потполно слободно, но само заради награда.

Вака би изгледала и класификацијата на ученичката и студентската состојба на свест, било да трае кратко, да се минлива или да трае долго. Од друга страна, наставниците својата работа може да ја сфатат како бавење со активност под присила, но пропратено со чувство на задоволство од извршената работа, како njork-job која подразбира, покрај внатрешно присуство, и надворешна мотивација (материјална и друга награда) и на крај како вистинска работа (pure job) изведување на настава без уживање во активноста, а тоа го прават заради резултатите кои се подразбираат.

Во парадигмата на Нојлингер слободното време не се дефинира како спротивност на работата, што во целост ја погодува состојбата во образованието, бидејќи образованието не може да се дефинира како спротивност од работата. Второ, ако овој модел помага да се разјасни улогата на индивидуалните и општествените претстави во создавањето услови за слободно време, тогаш образовната дејност е идеално подрачје за тоа. Трето, овој модел сам по себе има образовни и советодавни импликации бидејќи се залага за промена од просто „исполнување на празно време“ кон создавање на услови за „вистинско слободно време“. И четврто, ваквиот модел е погоден за емпириски истражувања.

Нојлингер во своите емпириски истражувања развил факторска анализа и издвоил пет фактори или димензии на ставови кон слободното време. Тоа се:

1. Афинитет кон слободното време: колку поединецот го преферира слободното време, но и колку е присутно чувството на вина од поседувањето на слободното време; тоа треба да се заслужи за да може да се ужива во него, бидејќи работата е морален чин, а доколицата е неутрална и неважна, ако не и потполно неморална;

2. Општествена улога во планирањето на слободното време. Под овој фактор се мисли на можните потенцијални активности во слободното време и на грижата на општеството за нив, како и вредноста на секој од нив;

3. Самопотврдувањето во слободното време или работата. Се однесува на придавањето важност на работата и слободното време на секој од нас;

4. Набљудување на своето слободно време. Овде не се мисли на количината, туку и на задоволството од количината на слободното време и потребата за поголемо слободно време. Поделбата се однесува на оние кои незнаат што да работат во слободното време и на оние на кои никогаш не им е доволно слободно време. Овој фактор е интересен од гледиште на образованието, бидејќи се однесува на креативните аспекти на личноста: автономија, способност, општа љубопитност и желба за образовување и усовршување;

5. Сите истражувања по правило содржат и активности на слободно време. Листата на критериуми за нивна класификација е обемна и понудена од страна на повеќе автори.

Слободното време е предмет на проучување на повеќе научни дисциплини. На прв поглед, самиот поим се чини познат и лесно одредлив и дијапазонот на толкување на слободното време се движи од општествен идеал до мислење дека тоа е субјективно чувство на поединецот.

Поимот слободно време различно се дефинира и доживува. Научниците не го одредуваат еднозначно тој термин. Причина, меѓу другото, е и тоа што со истражувањето на слободното време се занимаваат стручњаци од различни профили: филозофи, социолози, психолози, педагози и др.

Без разлика како се доживива слободното време, важно е да се истакне дека тоа треба да биде креативното, активно, смислено и структурно поминато слободно време. Како што децата учат и развиваат свое чувство за времето во зависнот од цивилизацијата и културата на која и припаѓаат, така и возрасните развиваат свое чувство на слободно време и доколица, во зависност од социо-културните услови и социјални групи на кои им припаѓаат.

Сите припадници на сите социјални групи немаат исто чувство за слободното време и затоа не можеме со сигурност да се потпреме на точноста на претставите за тоа што е доколица, односно слободно време кај припадниците на различни култури и социјални групи.

Де Грација (Grazia,S.,1962:8) смета дека доколицата се карактеризира со творештво, а слободното време е масовна појава, идеја која може да се реализира во демократско општество, а доколицата е идеал кој не може лесно да се оствари бидејќи е исполнета со творечка работа. Идеал е слободното време да се претвори во свесна и креативна доколица.

Краус (Kraus, 1971) смета дека доколицата е безвременски поим, не во смисла да е одвоен од времето, туку дека тоа е време кое не смее строго да биде темпирано.

Јанкович (Janković,V., 1967:122) слободното време има социолошка и педагошка конотација.Слободното време е оној дел од времето со кое располага вон своите професионални ,општествени и семејни обврски со цел одмор, рекреација и развој на личноста,во рамките на природнат и општествена условености реалност на средината во која поединецот живее дејствува.

Havighurst (1977) доколицата ја дефинира како остварување на индивидуална слобода, Каплан (Kaplan) како антитеза на задолжителната работа, а Андерсон вели дека „во доколицата се искажува спонтаност и слобода во изборот“.

Илишин (Ilišin, 2002) доколицата ја толкува како „подрачје на секојдневен живот во кој поединецот може да реализира некои од своите способности и интереси кои во други подрачја се занемарени“.

Некои автори доколицата ја дефинираат како дел од слободното време на човекот во кое тој се занимава со одредени задолжителни активности кои не се поврзани со неговите работни обврски.

Тоа е еден вид полуслободно време, кога поединецот изведува активности кои се нужни, но не припаѓаат во општествено задолжителните работи. Доколицата е време слободно за игра и творештво, т.е за самодејствување со кое човекот се остварува и потврдува како слободно суштество.

Прочувајќи го однесувањето на човекот во доколицата, може да се забележат два вида на однесување: непродуктивно, потрошувачко и продуктивно. Во непродуктивното доминира забава, не се развиваат потенцијалите на човекот, човекот емоционално не се потврдува, а крајниот резултат е празнина наместо исполнетост. За разлика од него, продуктивното однесување се карактеризира со критичко однесување на човекот кој создава уметнички дела и самиот себе се развива како интегрално суште.

Слободното време е она време кое останува после исполнувањето на работните обврски. *Секоја доколица е слободно време, но секое слободно врсмс нс с доколица,* што значи дека слободното време во однос на доколицата е родов поим, а тоа станува јасно тогаш кога двата поима се согледаат во однос на поимот неработење.

Според Лешник (Lešnik, 1972), професор по педагогија на слободно време, слободното време не значи невработење на поединецот, туку тоа е време со кое човекот располага според своите желби и склоности, кога на него не делува никаква сила и задолжителност, туку неговото однесување е одредено според неговото убедување, волја и интереси, во склад со општите услови и околности во кои живее. Слободното време се смета за важен фактор на воспитанието.

Тој мисли дека треба да се запознаеме со слободното време на младите, како би се открило што влијае на развојот на младата личност и што треба да се направи за да се отстрани она што е нехумано и некорисно и да се задржат вистинските вредности на слободното време.

Ненадич (Nenadić, 1997) смета дека: историски и појмовно слободното време е резултат на индустриското општество и првобитно има карактер на емпириско слободно време кое е апсолутна спротивност на работното време, т.е слободното време има своја точка на јавување, односно граѓанското општество како свој почеток.

Граѓанското општество во себе го содржи принципот на се она што се случува со социјалното време, а со самото тоа и со слободното време.

Превишич (Previšić, 2000) слободното време го смета како простор и можност за интеракција во процесите на индивидуализација, социјализација и интеркултурација, простор за самоактуализација и остварување на личноста.

Терминот „самоактуализација" го означува степенот на лична еманципација, лични достигнувања и задоволство од лично творење. Тоа за поединецот е простор на „интима" кој тој ги истражува своите потенцијали и/или во кој го „надополнува" се она што според негова субјективна и/или објективна проценка било нужно да се оствари за да може во потполност да се чувствува целосен и компетентен.

Од прегледот на литературата ќе се забележи еден општ заклучок дека доколицата била присутна уште во првобитното општество и продолжува да живее. Слободното време се јавува во периодот на индустриската револуција со поделбата на „работно" и „слободно" време.Мартиниќ (Vidulin-Orbanic, 2008) смета дека слободното време е составен дел од општествениот систем и дека „во него и околу него до израз доаѓаат исти позиции, животни определби кои се карактеристични и за општествената ситуација, воопшто".

Слободното време во денешна смисла настанува во индустриската цивилизација, со точно разграничување на работното и неработното време. Се менувало во зависност од општествено-политичките услови и во однос на работните услови и положба. Со оглед на тоа дека е во релација и интеракција со глобалниот општествен систем, неговото делување опфаќа различни аспекти од современото живеење, работа, разонода и одмор на човекот.

Токму затоа тоа е предмет на интерес на поголем број научни дисциплини кои во центар на внимание го имаат човекот. Човекот го одредува својот стил на живот, токму преку дихотомијата работа-слободно време. (Jankovic, 1973; Ilišin, 1986, Vidulin-Orbanic, 2008). Тој станува субјект на својата положба во светот, односно во слободното време го препознаваме како homo univerzalis, homo ludens и homo autocreator (Shaff, 1989).Доколицата не е неработење, пасивност, туку активна состојба, поимање за себе, околината и светот. Таа ги активира психата и мозокот, психичките и човечките умни сили. Таа е доброволна, слободна, без зададена цел и обврска, ослободена од природната нужност, по што битно се разликува од работата. Во доколицата човекот е потполно слободен и во неа се чувствува среќен и моќен.

Дефиницијата за слободното време се менувала согласно развојот на општеството. Денес како најприфатлива е дефиницијата според која: слободното време е оној дел од времето со кое располага поединецот вон своите професионални, општествени и семејни обврски, со цел одмор, рекреација и развој на личноста, во рамките на природната и општествена условеност и реалност на средината во која поединецот живее и дејствува (Баракоска,А.,2003: 62).

Според професорката Баракоска „слободното време на ученикот е она време вон наметнатите семејни и училишни обврски, со цел не само одмор и рекреација, туку и развивање на личноста во духот на целокупните воспитно-образовни настојувања".(Баракоска,А.,2003:62)

Од претходното наведеното може да се заклучи дека воспитанието и образованието, слободното време и работата во најширока смисла се во нераскинлив интеракциски однос.

Слободата на избор се наоѓа во основа на слободното време без разлика на возраста. Но се поставува прашањето дали може да се влијае на изборот и активностите во слободното време на младите и во која мера, а без притоа да се наруши слободата на избор.

Не е сеедно дали младите своето време ќе го поминат во шетање, излежување, читање книга и друга литература, да слушаат новокомпонирана или класична музика, следат театарски престави, доколичарат, седат во кафич или консумираат алкохол.

Сигурно е дека училиштето и семејството ќе мора да располагаат со богатство на содржини со кои ќе им овозможат на децата и младите квалитетно да го поминат и исполнат своето слободно време, а што ќе има влијание на развојот врз нивните потенцијали.

## 3. ФАКТОРИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Кога мислиш важна е длабочината , кога зборуваш важна е искреноста ,кога работиш важна е вештината , кога превземаш дејствија важно е да го одбереш најпогодниот момент

Кинеска мудрост

Дефинирајќи го слободното време и согледувајќи ја неговата важност многу е важно да се истакне дека веќе современите и урбани општества нудат разни можности за организирање на слободното време во институциите, организациите, установите, објектите, службите и слично. Проблемот на организирање на „слободно време„ се разгледува како дел од :

**Семејство** - место каде воспитната функција е најизразена и е примарна. Како примарен воспитен фактор семејството нуди можности за најразновидно организирање на слободното време на своите деца но пред се зависи од материјалните, образовните и психолошките, односно колку е семејството самостојно зрело и независно .

Во многу зависи и од тоа колку родителите одвојуваат време за децата какво е нивното образование, дали и тие знаат како да го користат слободното време вистински. Заради согледување и правилно реализирање на слободното време и родителите треба да се едуцираат преку разни предавања, семинари, советувалишта, разни брошури, прирачници и др .

Семејството може да го осмисли слободното време внатре во својот дом преку гледање на заеднички емисии, телевизија, читање на детска литература, играње на разни игри или во организирање на слободното време вон семејството .

Надвор од домот може да се организираат, прошетки, излети, патувања, зимувања, летувања, посета на културни и јавни институции, разни културно уметнички приредби и слично.

Родителите најдобро ги познаваат своите деца па овде и најважен дел е делот кој е насочен кон нивно тивко насочување кон она што знаат дека го сакаат нивните деца или имаат афинитет кон тоа. Многу често се говори за преоптоварување на учениците од страна на наставните програми кои се учат како и болните амбиции на одредени родителите за свирење на клавир, балет или учење на странски јазик.

Ученикот треба да има право на сопствен избор како и право да учи она што го интересира во слободното време. Ако родителот е адвокат или доктор многу често се насочува и ученикот кон таа професија или ако родителот има факултет и детето треба да учи и да се запише за да има факултет.

Доколку родителите често одат на театар или во музеј или на изложби и говорат позитивно и со насмевка на лицето секако дека и нивните деца ќе имаат светла слика за овие културни места и ќе ги посетуваат и тие .

**Училиште** -Кога се мисли на институцијата училиште и насоките кои ги дава за правилно користење на слободното време се тргнува од периодот кога детето е во предучилишните установи, градинките.

Почетокот за секое дете е бурен но и носи повеќе можности за избор на слободни активности кои уште од најмалата возраст се јавуваат. Во градинките покрај насочените активности кои се предвидени според планот и програмата за делување на одредена возраст има и слободно време кое детето го користи во катчињата кои се прилагодени за возраста на детето и се преполни со играчки или предмети со кои игра.

Има играчки кои имаат своја дидактичка функција тука се и воспитачките кои иако се *децата мали настојуваат што повеќе да му го олеснат и разубават престојот во* градинка а и децата да научат преку игра многу работи. Детето треба постепено да се учи и воведува и во него да се вградуват основните културни навики. Понатаму детето поминува во една друга улога а тоа е ученик во сите фази на образованието, прво во основно па во средно и понатаму во високото образование.

Основното училиште е периодот кој учениците го минуваат во одделенска и предметна настава, период пропратен со пренесување на нови информации и период кога се стекнува основата на образованието и воспитанието .

Во училиштето, учениците покрај редовната наставата имаат и слободно време кое го реализираат според определени програми и интереси .

Како форма преку која слободното време се организира во училиштата се слободните ученички активности, каде учениците во зависност од своите интереси одбираат одредено подрачје и активности .

Преку слободните активности учениците се подготвуваат за културно користење на слободното време и ја развиваат културата на неговото користење. Слободните ученички активности може да се однесуваат на продлабочување на знаењата по одредени предмети, по однос на спортски, културно, работно надградување во зависно од материјално технички можности на самото училиште .

Некои училишта организираат слободни денови кога училиштата организираат разни активности за учениците, родителите и локалната заедница.

Во средните училишта и во високото образование повеќе учениците и стидентите се насочуваат кон продлабочувањата на веќе стекнатите знаења, развивање на здраствено културни навики исто така се организираат разни трибини за теми актуелни од секојдневието, како што теми за одредни болести за зависностите и пороците на современото време, за половата еднаквост, мултикултурна толеранција и трпение, почитување и слично.

Семејството и училиштето се и двигатели за приклучување на индивидуата кон разни организации, институции кои се во непосредната околина и се насочени кон користење на слободното време и културното живеење .

**Детските организации** се место каде можат да дојдат до израз барањата и принципите на слободното време, детето тука е самостојно се дружи и организира во група, игра и преку играта се реализира и ги реализира своите интереси и креации на слободна личност .

**Општествените организации** се места каде се собираат деца и млади како во :феријален сојуз, Црвен Крст, Планинарски сојузи, културно уметнички друштва, музичка младина, детски амбасади, форуми, здруженија и слично .

**Културни и други јавни институции и организации** како театрите, библиотеки, читални , кина , галерии , музеи и слично се места за исполнување на слободното време на личноста .

Овие институции имаат посебни програми за секоја возраст на ученици и деца па на разни начини ги мамат за да бидат посетени и користени. За помалата возраст има разни претстави од приказни бајки, басни или куклени претстави кои се омилени за оваа возраст за поголемите деца се проектираат современи светски дела со интересни содржини и теми, посета на балет, опера или посета на музеј или изложби на ликовни колонии, содржини кои се богати, интересни, воспитно образовни, рекреативно забавни средби со научници, писатели, творци, и слично.

**Средствата за масовно комуницирање** особено се присутни во секојдневието .

Многу се гледа телевизија, во училиштата учениците добиваат детски списанија и во слободна продажба постојат разни интересни весници и списанија, сликовници, едукативни боенки, бројалки и слично.

Но целокупното слободно време што личноста го користи дружејки се со медиумите може да биде бескорисно или негативно ако не е контролирано, се гледа се и сешто, се чита се што доаѓа до рацете на детето.

Се што не е прилагодено за одредена популација може да има повеќе негативно влијание и последици врз понатамошниот развој на личноста отколку позитивен ефект. Децата ги гледаат програмите на возрасните, а родителите не секогаш имаат соодветен избор за гледање со своите деца и за жал воопшто не реагираат .

**Јавните манифестации** се насочени во чествување на разни јубилеи , свечености и спортски живот. Колку една личност ќе биде спортски активна или ќе го следи спортот зависи од нејзиното семејство, колку се практикува и со какви коментари се коментира.

**Потесната средина** каде личноста живее е особено важна бидејќи детето го следи личниот пример на возрасниот.

Како разговараат, како го организраат секојдневниот живот како се грижат за својата околина, дали имаат позитивни погледи кон животот дали се повеќе насмеани или тажни, негативни и притиснати од секојдневието односно, несигурни во себе.

Правилното користење на слободното време е од особена важност за развојот на личноста. Слободното време сеуште го нема вистинскиот третман во училиштето, а во семејствата се одвива според разни ритуали, интереси, традиции и во многу зависи од типот на семејство.

Проектите кои се спроведуваат во училиштата, периодот на децентрализација како и добивање на ингеренции на локално ниво се насочени се повеќе кон развивање на свеста на луѓето за позитивно дружење во местото каде се живее во малото каде се поминуваат најубавите игри и средби помеѓу населението.

Целокупниот напор се сведува на разни кампањи и насоки за подигање на свеста за нормално семејство, здрава, личност, избегнување на пороци, поттикнување на корисни навики со кои би се воспитувале добри и позитивни генерации.

Во училиштата се организираат и внесуваат разни проекти кои се насочени кон олеснување на комуникацијата и адаптацијата на детето, вклучување на семејството, како и полесно совладување на наставните програми. Проекти од типот „Чекор по чекор, Активна настава – интерактивно учење, „Со читање и пишување до критичко мислење, сите имаат иста цел истакнување на индивидуализацијата, и што поголемо активирање на ученикот за снаоѓање во разни ситуации со критичко мислење.

Преку овие проекти се потенцира отвореноста за соработка на училиштето со семејството и општествената и природната средина. Односот училиште – родител – општествена средина се карактеризираат со подршка, компететнтност, соработка отвореност, интеграција и интеракција .

Сознанијата и убедувањата на родителите дека нивните деца учествуваат во одредени слободни активности, и на тој начин стекнуваат одредени сознанија, умеења навики, вештини, и дека е во функција на развојот на физичкото, естетското и интелектуалното, емоционалното и социјалното воспитание и развој се пред се симбол на задоволство и среќа .

Потребно е и родителите да бидат вклучени во планирањето на слободните активности со свои идеи, обврски, умеења и секако да се подобри алката помеѓу слободното време во семејството со активностите во училиштето.

Секој ученик е индивидуа за себе бидејќи напредува според индивидуално темпо, на сопствен начин. Ученикот е центарот околу кој се вртат внатрешни и надворешни двигатели, наставниците и педагошко–психолошката служба и од друга страна родителите и и средината која ги опкружува.

Родителите се вклучуваат во разни програми кои ги организира уччилиштето, разни посети, средби, трибини користејќи ги своите професии и таленти, едноставно да бидат присутни во разни работилници или подготовки за празници и прослави на ново на училиште или на ниво на јавни манифестации поврзани со училиштето и наставата.

Неминовен е фактот дека луѓето со различни профили знаења, степени произнесуваат реативни решенија за многу проблеми или идеи за интересни нешта. Позитивното искуство близината и присутноста на родителот е неопходна за детето. Преку советите родителите учествуваат и одлучуваат кои екскурзии нивните деца ќе ги реализираат, колку ќе траат колку ќе чинат па дури и самите можат да учествуваат во организација на истите.

Можат ако се носители на поголеми организации или раководотели да реализираат одредени посети во своите фирми каде учениците ќе се запознаат со работата и општо корисната дејност со што ќе добијат поинаква претстава и нови знаења и искуства. Можат да учествуваат во насока за формирање и почитување на трудот и работата со што ќе организираат и волонтерски или хонорарни активност за учениците во текот на зимскиот или летниот распуст.

Да учествуваат во организирање на спортски натпревари помеѓу училишта или градови на регионално ниво доколку нивната професија или интерес е спортот или можат финансиски да ја подржат идејата за основање на тим или екипа на ниво на учолиште како подмладок на одреден клуб.

Сите индивидуални каонтакти на ниво наставник – родител или училиште – родител, посети, родителски состаноци, учества на родителите се добредојдени и се во насока на подобрување на восспитно – образовната дејност.

Разни трибини, семинари, курсеви, на кои можат да учествуваат и родители, работни и солидарни акции, приредби, изложби.Се организираат и катчиња на родителите простории во кои родителите ќе можат да се дружат меѓу себе, со наставниците, да читаат педагошка литература и слично ( Основи за програмирање на

воннаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните служби,1998:67) .

Стилот на семејното воспитание влијае и на однесувањето на детето во понатамошниот живот. Постојат родители кои се повешти во комуницирањето со другите луѓе знаат да слушаат да се заблагодаруваат да се извинат односно подобро се разбираат што ја олеснува нивната комуникација за разлика од други кои се позатворени понегативни и едноставно тешко е со нив.

Ефикасното училиште треба да се стреми кон добра комуникација со родителите, и со останатите надворешни членови кои го опкружуваат училиштето.„ Тоа е отворено со другите учесници да ги согледа потребите и состојбите и проблемите во училиштето помага во процесот на донесување одлуки, како и успешно планира и реализира годишна програма за работа на советот на родители „(Прирачник за родители,2004:77).

Родителите учествуваат во училишните тимови кои се формираат со одредена цел а се организираат заедно со училиштето и ликалната самоуправа. Тимската работа е многу важна бидејќи со вклучување на родителите во училиштето се решаваат многу проблеми на полесен начин и без последици. Соработката на семејството и раководството на училиштето е особено важна бидејќи е неприкосновена алка во секојдневното функционирање и на работата на училиштето и на семејството .

Спроведувањето на многу одлуки кои трба да се донесат со консензус се многу полесни доколку самата атмосфера во училиштето е позитивна, флексибилна и релаксирана кон сите учесници. Современото училиште го става наставникот во една друга улога која е повеќе партнерска и насочувачка кон ученикот а е во постојана корелација и соработка со родителот и непосредната околина .Да се биде родител е најубавото нешто на светот но и најодговорната работа. За своето дете секој ќе направи се но и мора да биде присутен во животот на детето во неговие најважните моменти .

Дали е потешко да се биде родител денес или им било потешко на нашите родители е енигма и прашање за кое многу се размислува но за кое нема вистински одговор . Родителската улога е полна со предизвици, радости, грижи и пред се обврски кои единствено самите може да ги решиме .

Со поаѓање на детето во институциите на системот за него се отвора еден свет потполно непознат и таинствен. Детската љубопитност проткаена со невината

искреност носи и одреден страв во душата и треперење на срцето а многу често и по некоја солза.

Родителите се тие кои можат да го олеснат тргнувањето на дете во тој за него нов свет да му помогнат го сослушат и му олеснат со тоа што ќе бидат присутни во неговиот свет ќе зборуваат на неговиот јазик и ќе слушаат за неговите нови искуства и сознанија .

Наставникот служејќи се со својата умешност и пред се голема љубов и емпатија секогаш треба да има слух за секого и за детето и за родителот. Токму таа врска е најважна и неприкосновена од неа зависи целокупниот тек и воспитно образовен развој на личноста .

Семејството е една алка на организирање на слободните активности на ученикот . Училиштето има обврска на своите ученииици да им понуди одредеа слободна активност, за да може ученикот да учествува во неа.

Бидејќи наставниците се обврзани да покрај редовната настава подготвуваат програми и за слободните активности. За тоа кои содржини се понудени и како се реализираат потребно е да бидат известени и самите родители и колку од слободното време ке биде испланирано за нив во целокупното време кое ученикот го поминува во училиштето.

Секое училиште во однос на своите материјално кадровски услови организира слободни активности на територијата на Р Македонија .Од досегашните релевантни истражувања кај нас и во светот предначат слободните активности кои се однесуваат на спортот затоа што поголемиот број на наставници по физичко образование се и тренери каде се вклучуваат учениците и од помалите одделенија и од поголемите .

Сепак дел од трошоците за опремата на ученикот паѓа на буџет на родителот во зависност од кој спорт го избрал. Патики дресови ,реквизити , разни натпревари на кои децата треба да стсаат со своите родители.

Доколку се семејствата посиромашни тие не би можеле да поднесат товарот на своите плеќи па често тие ученици и неможат да се вклучат во тие активности. Кај нас постои и проблемот со материјалните услови, стари училишни згради кои се поткрпуваат до некаде во рамките на пристојното. Постои тенденција на правење на

нови спортски објекти и реновирање на постојните но сепак дел од средствата за редовно следење на одредени спортски активности и понатаму останува на товар на родителите.

## 4.Поим за слободни ученички активности

Активностите на слободното време со кои поединецот или групата можат да се занимаваат се бројни и разновидни. Поимот „слободни активности „ во педагошката терминологија почнува да се употребува во втората половина на 19 век и првите децении на 20 век .

Во педагошката јавност во Европа и Америка се јавуваат правци , движења , научници практичари кои поаѓале од педагошките гледишта на Русо, или пак од лични концепции за воспитно – образовната дејност кои биле во прилог на хуманистичката терминологија.

Денес поимот слободни активности се сретнува во разни публикации комуникации на просветни работници, давајќи му насока и определба за широко подрачја за делување на слободните ученички активности. За жал до денес слободните ученички активности во воспитно образовната практика се уште неможат да го добијат своето вистинско место.

Сретнувме многу статии за описи на работа на поедини секции по одредени предмети, но немаме сеуште целосни и конкретни студии емпириски анализи и медоски прирачници за овој дел на воспитно образовниот процес.

Иако различни автори вклучувале различни детерминирања на поимот слободни активности секој од нив давал свој пристап во дефинирањето на поимот слободни актувности.

Според наше мислење најприфатлива е дефиницијата која е дадена во Педагошката енциклопедија :

„Слободните активности претставуваат посебен облик на воспитно образовна работа со учениците кои ги организира училиштето вон наставата, во слободното време на учениците. Тоа се колективни активности на учениците кои се базираат на принципот на слободен избор и самостојност во кои учениците ги задоволуваат своите интересирања, ги развиваат способностите и го пројавуваат творештвото. (Pedagoska enciklopedija Ii II ,1989 :353 )

Слободните ученички активности во основа се разгледувани од повеќе аспекти :

1.Каде се реализираат ( во семејството, во детските градинки, во училиштата во детските институции, на јавни места и тн.)

2.Според возраста на ученикот (предучилишна возраст, училишна, млади,возрасни )

3.Според полот (машки и женски )

4. Според бројноста на групата и структурата ( индивидуални, групни, колективни ,масовни )

5. Според подрачјето и содржината ( спортски, културни, технички, научни, забавни информативни и сл. )

6.Според основната функција за која служат (активности за одмор,за рекреација и за развој на личноста )

Сеопфатна и темелна листа на критериуми има понудено и Nada Kaèavenda-Radiæ (Kaèavenda-Radiæ,1989:111-113) кои се испочитувани од многу автори. Нејзините критериуми се следниве :

1. Според времето ( секојдневни, викенд, годишни одмори, празници, со оглед на годишното време,со оглед на можностите –стално можно, не е стално можно) .

2.Според местото (во споредба со домот и со семејството,вон семејството со оглед на просторот –затворен, отворен простор,;во поглед на моќностите и условите, секаде можно, не е секаде можно,според географаска локација )

3.Според обликот ( доколица и обврски во слободното време,чиста доколица, полудоколица, полуработно ).

4.Според дружењето ( активности кои бараат уште некој,кои самостојно се изведуваат, можат и самостојно и во друштво)

5. Според динамичноста (изразито динамични, динамични, пасивни)

6.Според видот ( пасивен одмор, набљудување – тотално пасивно, масмедиј, образовни активности, интелектуално образовни, физичко образовни, мануелно образовни).

7.Според локализирање на целта (во самата активност, вон активноста ).

8. Според поврзаноста со работата (компензациjски, интеграциски,неутрални).

9.Според функцијата ( активност за одмор,за разонода и забава и активност за развој на личноста ) .

10.Според организацијата (инстутиционализирани–формално и неформално организирани).

11.Според финансиските издатоци ( бараат парични давачки и не бараат парични давачки).

Активностите и содржините укажуваат на тоа дека слободното време е човечка карактеристика, општествено условена и претставува слободен избор .Образованието во целост, формално или неформално масовно и елитно ,општо и стручно има исти такви карактеристики тоа е општетсвено условено претставува човечка дејност означува посебна активност и претпоставува слободен избор .

Образованието и слободното време се во интеракциски несраскинлив процес . Нашата воспитно образовна пракса има инстуционализирани форми на вонаставни активности кои во суштина се активностите на слободното време. Слободното време е дел од воспитно образовниот процес но најчесто останува недоволно искористено иако нуди одлични воспитни можности. Воспитно образовниот процес е место каде реализацијата и организацијата на слободните ученички активности треба да добие вистинско место и да се искористат сите бенефиции од нив.

По однос на ставовите и размислувањата на бројни автори постојат различни класификации и поделби на слободните активности но во основа кај сите нив преовладуваат трите функции на слободното време: одморот, разонодата и развој на личноста. Од педагошки аспект секако најважна и најинтересна е третата функција на

слободното време која ги вклучува  слободните активности на учениците и нивното влијание  развојот на личноста .

„Учениците подобро учат кога имаат право на избор и кога учат на начин на кој тие се забавуваат и се разонодуваат не се оценуваат и не чувствуваат притисок кон се што остваруваат ″. ( Основи за програмирање на воннаставната воспитно – образовна дејност на основното училиште, 1997:43)

Воспитанието преку активностите на слободното време се одвива во склоп на воннаставните и вонучилишните активности, како и преку активностите на сите организации каде децата и младите го поминуваат своето слободно време. Тие организации може да бидат спортски, музички, ликовни, драмски или насочени на било кој интерес на децата или младите личности.

Децата и младите, потребно е уште од најмали да се насочуваат и да учат за содржините, квалитетно и позитивно исполнување на слободното време, односно да се „воспитуваат за слободното време“.

Улогата на педагогијата на слободното време е да вклучува, осмислува, креира, поттикнува слободен избор на активности со кои ќе се занимаваме во слободното време (Pešorda,D., 2007:37).

Притоа треба на ум да се има дека не смеат да се занемарат и основните обележја на слободното време, а тоа се слобода, доброволност, креативност, самоактивност и индивидуалност (Janković,V.,1973:74).

Учениците треба слободно по свој избор да се приклучат на одредена активност која е во согласно со неговите интереси. Вклучувајќи се во слободните активности, учениците одлучуваат еден дел од своето слободно време да го поминат во училиштето, а училиштето тоа треба да го препознае како можност за додатно воспитно делување.

Слободните активности се особено важни за правилно искористување на слободното време на учениците заради задоволување на нивните потреби и интереси, како и за целокупно подобрување на квалитетот на живот. Преку нив  учениците можат да ги активираат своите творечки сили за чие задоволување и изразување не се имале прилика во останатите видови на живот.

Овие активности се составен дел на воспитно-образовната работа на училиштето. Тие на учениците им овозможуваат стекнување на вештини и навики за правилен развој и квалитетен избор во сите домени на секојдневниот живот. Нудат можности за организирано и квалитетно поминување на слободното време, а воедно и стекнуваат пожелни работни навики како и да водат грижа за своето здравје и работните способности.

Смислата и работата на овие активности не е само во нудење на можности на надарените, туку во поттикнувањето и создавањето на услови што поголем број на ученици да се вклучат во различните организациски форми во кои ќе пронајдат смисла и задоволство.

Активностите во слободното време се оние активности кои поединецот ги бира според сопствена волја и интерес, а кои ги вклучуваат и сите обврски и сите последици кои произлегуваат од нив.

Според тоа, слободните активности треба квалитетно да го исполнат слободното време на учениците и да бидат избрани од страна на самите ученици по личен избор .

Активностите во слободното време имаат превентивна (додека младите се окупирани со позитивни ставови, не можат да се однесуваат девијантно, деликвентно и престапнички), куративна (воспитаникот се ослободува од психичката напнатост, агресија, делува смирувачки, опушта), корективна, здравствено-рекреативна, воспитно-образовна и забавна функција. Тие на младите може да делуваат позитивно, но исто така и негативно (ученикот може да се препушти на улицата, лошо друштво, алкохол, дрога) (Proleta J.,Svalina,V., 2011 : 5).

Сепак активностите на слободното време со кои поединецот или групата можат да се занимаваат се бројни и разновидни. Често се случува кога ќе се спомнат слободните активности да се говори и за преоптовареност на учениците во процесот на учење .

Затоа потребно е внимателно да се подготвуваат наставните програми кои учениците треба да ги привлечат и имаат за цел продлабочување на знаењата, информирање, културно надградување .

Слободните активности на ученикот не треба по секоја цена да се наметнуваат туку врз основа на самоизбор да се одбере активност која е во согласно со нивните

способности и можности и каде ке може да се постигнат најголеми резултати во групата и во индивидуалните активности. А, мотив за секој ученик ќе биде и најмалиот постигнат резултат.

Големи се моттивите за дружење, запознавање, играње, слободно изразување и движење, откривање на нови и поинтересни простори, знаења, димензии.Учениците подобро творат во делот на слободното изразување кога нема рамки и ограничувања кога самите се креатори на активностите, каде и наставникот не е главен носител и организатор на активностите.

Слободните активности се индивидуален и колективен труд работа во слободното време кое е израз на внатрешната потреба за занимавање со одредена дејност, свесно согледувајки ја вредноста на вложениот труд и ненаметнато прифаќање на работни обврски и меѓулични регулативи во колективната работа и чувство на задоволство во работата индивидуална и колективна, како битен услов за за остварување на слободно избрани воспитно образовни цели и задачи. (Filipovic,N.,1980:81).

На пример во училиштата во стара Грција, во Атина постоеле групи на момчиња и девојчиња кои во времето вон наставата се занимавале со некои дејности и активности како средување на училиштето, неговата околина, а некогаш спортски, културни - уметнички.

Во периодот на феудализмот работата во слободното време било испреплетено со многу религија .Постоеле детски хорови, спорт, воени вежби.

Во капиталистичкото општество под влијание на техничкиот напредок, потребата на општеството, училишните органи и учениците се основаат разновидни технички заедници, работни движења, производно работни здруженија на учениците, верски задници, со нишка на идеологија застапена низ интересите на буржуаската класа .

Во бившите Југословенски простори започнува да се јавува во првите децении на дваесетиот век прво како литературни и културно уметнички асоцијации на ученици. Во овој период покрај училиштата постоела и инцијатива од разни организации и здрузенија за стварање на ограноци.

Со експанзијата на индустријата, развојот на науката и техниката, реформи во училиштата се дава поголемо значење на детските организации како место на здружување на учениците според одредена возраст.

Како составен и интегрален дел од целокупниот воспитно образовен процес делувајќи во слободното време, детската организација врши организирана воспитна дејност и придонесува во реализација на општата цел на воспитанието. (Баракоска,А.,1996:100)

Значаен аспект се остварува преку активности во областа на физичкото, естетското, интелектуалното, работно -техничкото, моралното воспитание на личноста. Како што се излети, походи, логорувања, зимувања, кои во рамките на слободното време позитивно влијаат врз формирањето на навики за заниавање со физичка култура, спорт, рекреација, со цел правилен физички и здраствен развој на детето. (Баракоска,А.,1996:100)

Преку разновидни активности во работата на детската организација може да се реализираат и разновидни форми на дополнително образование и стекнување на нови знаења од културата, општеството природните и техничките науки. На тој начин се придонесува во развивањето на љубов кон науката односно позитивно се влијае слободното време да се користи за стекнување на нови знаења и искуства. (Баракоска,А.,1996:101)

Важна улога има и општествено моралната страна на активностите која ја поттикнува социјализацијата, делува на колективната страна на групата, го зајакнува другарството, културната комуникација, емпатијата, солидарноста, хуманоста. Естетскиот и културниот дел е со главен акцент на учество на учениците во разни литературни , рецитаторски, драмски, балетски, посета на кина, театри, изложби, музеи, колонии, традиционални и културни манифестации и слично.

Основната цел е да се постигне кај младата личност еден критички пристап кон се она што е вредно и со вистински квалитетти наспроти лажното, безвредното, кичот, шундот, препознавање и вреднување на вистинските вредности во општеството. Во разновидните детски колективи учениците од ден на ден се повеќе стануваат активни учесници во сопственото воспитание. (Баракоска,А.,1996 :153)

Превишиќ смета дека воннаставните активности можат да помогнат за сестрано формирање на личноста, поттикнување на творештво кај учениците, задоволување на индивидуалните склоности кај децата, проширување на нивните знаења, содржајно искористување на слободното време, вклучување на младите во општествено корисна работа, како и развој на социјалната комуникација меѓу младите (Proleta J., Svalina, V., 2011:5).

Меѓутоа честопати во училиштата имаме случаи на нецелосно искористување на потенцијалите наслободните и други видови на воннаставните активности. Понудата, организацијата и изведувањето на воннаставните активности често се формализира: се доделува на наставници кои за тоа немаат личен интерес и склоност, овие активности често се продолжение на редовната настава или пак се место за натпревар на надарените ученици, понудата е ограничена на материјалните можности на училиштето.

Сето ова говори дека не сме свесни за значењето и потенцијалот кои ваквите воннаставни активности го имаат за учениците, особено од аспект на развој на нивната креативност.

## 4.1.Воспитните можности на слободните ученички активности

„ Слободното време е почеток на се"

Аристотел

Слободното време е дел од секојдневието на ученикот и во училиштето и надвор од него и е во целосна зависност и условеност од неговата природа и неговите потреби. Слободното време на ученикот организирано и планирано може да биде во функција на развој на личноста и основа за воспитно делување.

Ученикот најдобро се изразува и насочува се воспитува кога тоа што го работи е во согласно со неговите интереси и желби. Се дружи со своите другари со кои има исти желби и мотиви напредува се реализира исполнет е и се самообразува и воспитува со свое темпо. Ја презема личната одговорност за своето однесување и образување, ужива и на едноставен начин го впива сето она што е добро и позитивно .

Подготовката која се прави уште од најмали години е темел на една комплетна личност која во процесот на образование и воспитание се издигнува и блеска надминувајќи ги сите препреки и замки без потешкотии.

Сметаме дека слободното време е потенцијал, гориво за емоциите, чувствата и психичкиот развој на личноста. Добро избраната слободна активност влијае позитивно на телесниот, физичкиот,социо емоционалниот и интелектуалниот развој .

Се подобрува сликата за себе,се подобрува самодовербата,се стекнуваат нови пријателства и квалитетно се дружат учениците од различни групи на едно место.

Спортските активности делуваат на развојот на моториката и телесната состојба а перцепцијата е попозитивна и среќна.„Дозволете му на детето повеќе слобода нека трча скока,нека биде повеќе слободно нека игра и се забавува никогаш нека не мирува „ РУСО.

Индивидуалната работа се повеќе се вреднува од групната, така да самостојниот пристап на решавање на разни проблеми и поставени задачи,совладување на техниката на работа само по себе ги задоволува внатрешните потрби и го храни егото на секоја индивидуа (Filipovic,N.,1980:81).

Кретативните активности имаат особено значење врз градење на личниот стил, оригиналноста во работата (Filipovic,N.,1980:82).

Особено што сметаме дека индивидуалноста во слободните ученички активности би довела до развивање на трајна воспитни цели како радозналост, упорност, доследност, систематичност, уредност и педантност (Filipovic,N.,1980:82.).

Преку слободните ученики активности учениците добиваат организирана дејност која делува на на развивање на способноста за набљудување ,доживување,оценување , и креирање на убави нешта во природата,уметноста и животната средина како и разивање на естетска имагинација.(Filipovic,N.,1980:88).

Интензитетот на доживувања и комплексноста на впечатоците на естетската природа го подтикнуваат мисловниот процес, процесот на оценување, споредување на убавото да формира критичко мислење и свој личен став независен од авторитетите .

Педагогијата е наука која се занимава со проучување на воспитанието. Нејзината поставеноста цели и задачи се основата на која се темели воспитно образовниот процес.Секој период од развојот на човештвото има свои одбележја но принципите, методите останале исти со некои благи модифицирања.

Во едно модерно општество кон кое се стремиме и ние самите многу е тешко да се воспитува и развива една личност, соочени со модерните струења, фанови, таканаречени in и aut моменти следење на мода без оглед на се .......

Младите и кревки општества се многу лесно инволвирани и измешани со разно разни негативни појави, кои не само што не помагаат во развојот на зрела личност туку и истиот го попречуваат.

Затоа сметаме дека педагошкиот проблем на слободното време и слободните активности на учениците ке биде во подем се повеќе се свртува вниманието кон слободноот време па дури постои и феноменот на „ин„ користење на слободно време и во секоја корисна и позитивна насока .

Секој човек се стреми кон слободното време, во кое ке се одмори, релаксира ке направи нешто за кое и најмногу чезнее, копнее, а не е врзано со неговите работни обврски.

Воспитната компонента на слободното време ја согледале уште старите антички филозофи кои говорат во своите дела. Платоновите мисли се однесувале за гимнастика и музика „нивната задача не би се исцрпела во чувањето на постоечкото, туку во негово поправање на негово усовршување.

Ако децата убаво започнале со игра и ако со помош на музичкото образование научиле законитости, тогаш тие ќе ги пратат насекаде ќе ги јакнат и повторно ке се подигне во државата она што се срушило.(Platon,1957:120-121)

Платон ја замислувал човековата акција со хармонично единство на музика и гимнастика. Во таа смисла тој истакнува:Зар нема како што веќе рековме спојување на музичкото воспитание со музиката да создаде хармонија помеѓу разумот и волјата, така

што разумот ќе јакне и ќе се храни со добри песни и наука, а волјата ќе се смирува и ублажува со музика и ритам.(Platon,1957:143).

Слободното време е време да се прави што „сакам" , или едноставно правило на слобода, каде со осмислени и организирани содржини ,интересни и прилагодени за младата личност се постават темелите на лично задоволство, радост и желба за општетствено ангажирање.

## 5. ПОСТАВЕНОСТА НА СЛОБОДНИТЕ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Слободните активности се многу важни за учениците. Преку слободните активности учениците трагаат за нови начини на само почитување, ослободување на своите творечки потенцијали, си го исполнуваат слободното време поконструктивно, креативно, и се воспитуваат на однесување кое е прифатливо од околината, семејството, училиштето и локалната заедница .

Во слободните активности можат да се постигнат забележителни резултати, и да се развиваат занимања со кои учениците ке се занимаваат во слободното време.

Прво кај учениците треба да предизвикаме интерес за учество во некоја активност преку покажување на планови за работа, контакти со ученици кои биле вклучени или се уште се па истите раскажуваат одредени ситуации, доживувања, со покажување на слики, презентации од од натпревари, добиени награди, и интересни содржини кои му ги претставуваме на самите ученици. Генерално слободните активности се засниваат на следните принципи :

• Слобода за избор на слободна активност

• Смисленост која дава општествена и етичка вредност на содржините, зошто секоја бесмисленост води кон досада, бесцелност и сл.

• Индивидуалност и групна работа

• Надареност

• Самоактивност во која ученикот се запознава себе, своите квалитети, можности, ствара задоволство за себе

• Разновидност

• Применливост на психофизичките особини на учениците

•Соработка со други надворешни институции од обласат на културата, уметноста и сл.

Во училиштата треба да се нудат слободните активности кои се изобилуваат со со програмски содржини. Да се нудат содржини од разни секциии како спортска секција, ликовна секција, фотографска секција, фолклорна секција, музичка секција, изработка на накит, еко секција, информатичка секција, драмска секција и многу други.

Слободните активности треба во своите содржини да имаат вградена социјална компонента за развој на ученикот, психолошка, телесна, работна, емотивна, морална и естетска. Со развој на сите овие компоненти во слободните активности учениците ке можат додатно да се воспитуваат и образуваат, да се одмараат, да го искажуваат својот творечки труд, надареност, да се дружат, социјализираат, да се забавуваат, па дури и оние ученици кои имаат лошо однесување и поведение да го канализираат и преобразат во позитивно и прифатливо и за средината и за себе и за другите.

Со законот за основно образование од 1995, (Сл.весник бр.44/95) член 23 се регулира поставеноста на слободните ученички активности во основното училиште.

Се поставуваат програми кои треба да ги зголемат програмската обврска на училиштата кон ненаставните подрачја а со нив са се нив се бара од наставниците програмски да осмислува содржински да конкретизира, да планира „подготвува ,и остварува како што се прави во рамките на редовната настава.(Основи за програмирање на вонналставната вос.образовна дејностна основното училиште и на раб на стручните соработници,1999:9) .

◊ **Задачи на слободните активности во одделенска настава**

 да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности креативноста,

 учениците да се воведуваат во задачите кои бараат поголема самостојност за нивно извршување ,

- да се негува доследност и истрајност во извршувањето на задачите,
- развивање на мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност
- да се влијае на создавање на навики за правилно користење на слободното време .(Основи за програмирање на вонаставната воспитно образовна дејностна основното училиште и на работата на стручните соработници,1999:9)

● **Слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети**

- Литературна секција, математичка секција, секција на љубители на природата ,секција за проширување на знаењата по запознавање на општество.

● **Културно уметнички слободни активности**

- Драмска, музичка, ликовна, филмска, фолклорна пејачка и други. Посебно внимание треба да се обрне на иборот на содржини за работа кои ќе имаат репрезентативен карактер. Самите училишта треба да им овозможат на учениците да ги презентираат своите постигања преку разни манифестации низ кои училиштето се поврзува со средината.(Основи за програмирање на вонаставната воспитно образовна дејностна основното училиште и на раб на стручните соработници,1999:11)

● **Работно производствени слободни активности**

- Слободните работно- производствени активности може да се организираат како секции,групи, или на ниво на одделение .Организационите форми зависат од условите и развиеноста на училиштето, како и возраста на учениците. Како на пример :цвеќарска, градинарска, овоштарска, пчеларска и сл.

● **Слободни спортски активности**

- Се организираат за учениците кои покажуваат интерес за определен спорт (рана определба за спорт, спортување поради забава и разонода).Од I- III одделение најчесто преку штафетни игри, натпревари, игри без граници, правилно одење, трчање, качување, висење, подвлекување.Веќе од IV одделение игри со позитивен дух, и психофизички развој,се користи музика, се применуваат народно ора, игри, ритмички содржини .

◊ **Слободни активности за учениците од предметна настава**

●Задачи на слободните активности за учениците од предметна настава

 Учениците да се оспособат за самостојно решавање на поставените задачи и да бидат доследни во нивното извршување

 да ги воочуваат односите во природата и општеството и да се стремат за откривање на нови законитости,

 да се оспособат за критичко мислење, јавно изнесување на своите ставови и почитување на мислењата и ставовите на другите,

 да се формираат навики за првилно користење на слободното време,

 учениците да ги почитуваат резултатите од својот труд и од трудот на другите ,

 да се формираат способности и потреби кај ученикот за позитивна општествена афирмација ,

 да се создаваат навики кај учениците слободното време да го поминуваат во спортска рекреација и забава.

 да се информираат за основните можности на науката, техниката, технологијата и економијата и нивниот придонес за заштита на животната средина,

 да се здобијат со основните навики за правилен однос кон природните богатства за заштита и унапредување на животната средина .(Основи за програмирање на воннаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници,1999:15)

**● Слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети**

 Литературна секција, новинарска секција, библиотекарско-медијатекарска, јазична секција, секција за странски јазици, секција на млади хемичари, секција на млади географи, секција на млади математичари, еколошка секција, секција на млади физичари, историска секција, секција на млади информатичари .

**● Културно уметнички слободни активности**

- филмска секција, драмска секција, секција на млади композитори, секција на млади музичари-љубители на музиката, камерни вокални и инструментални состави, училишен хор и оркестар, ликовни активности.

**•Работно производствени слободни активности**

1.Работно производствени активности од земјоделско сточарски производствен тип

- цвеќарска секција, овоштарска секција, градинарска секција, лозарска секција, пчеларска секција .

2.Работно производствени активности од занаетчиско индустриски тип

- секции и групи, за изработка на сувенири, украсни амбалажи, предмети, разгледници, фотографии, пејсажи, мотиви, обликување на дрво, картонски кутии, овошје и сл.

**•Слободно технички активности**

- Секција за млади фототехничари, секција за млади радиотехничари, секција за млади електротехничари, секција за метеорологија, секција за агротехника, секција за електроника, секција за машинска техника, секција за бродомоделарство, секција за собраќајно-моделарство, секција за ракетно моделарство, секција за градежно макетарство, секција за воздухопловно моделарство.

**•Слободни спортски активности**

- Секција за атлетика, секција за кошарка, секција за ракомет, секција за одбојка, секција за фудбал, секција за ритмичко-спортска гимнастика, секција за пливање, секција за скијање, секција за пинг понг, секција за тенис, велосипедска секција, планинарска секција, боречки спортови(борење ,џудо,карате ), стрелачка секција .(Основи за програмирање на воннаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници,1999:42)

Слободните активности се реализираат воннаставата и вонаставните содржини. Тргнувајќи од принципот на слободен избор и самоопределување, ученикот се определува за одредена активност, која ги задоволува неговите интереси и способности.

Првата фаза на слободните активности ги опфаќаше учениците од прво до четврто одделение гледано од поставеноста на осумгодишното основно образование а, втората учениците од петто до осмо одделение. Во деветгодишното образование поставеноста е во три циклуси, од прво до трето, од четврто до шесто, од седмо до деветто одделение .

И досега во програми за работа на училиштето се организираа оние содржини на слободните активности за кои училиштето има материјални и основни услови за реализација .

Одредени секции и групи што се организираат за слободни актиности на учениците можат да се обединат според содржината и карактерот во поголеми асоцијации клубови, културно уметнички друштва како во училиштетото така и на ниво на општина .

Слободните активности траат еден училишен час, но овој час е различен од редовниот бидејќи ги нема истите дидактички карактеристики , овој час е со поизразена интеракција, рамноправен за сите учесници, самоиницијативен, со заедничка одговорност, самодисциплина и сл.(Основи за програмирање на воннаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници,1999:44)

Има разлика и во методите на работа ,начесто се илустративно демонстративни, лабараториско-експериментални или вербално текстуални, дискусиии, разговори и др.

За поуспешно организирање и реализирање на работата за секоја слободна активност учениците избираат свое раководство.

Со развивање на новите наставни планови и програми може да се подобри содржината и организацијата на целокупното задолжително образование во согласно со наведените тенденции на образовието на развиенита држави.

Наставниот план во осумгодишото основно образование се темели на еден час неделно во I и II одделение а по два часа од III -VIII одделение . Во деветгодишното основно воспитание и образование слободните ученички активности, тивко се испуштени во наставниот план, по што сметаме дека е потребно повторно да се вратат во наставниот план за појасно и конкретно реализирање на истите.

**Новиот концепт на деветгодишно образование** донесе бура на промени во воспитно образовниот процес на основното образование . Причини за воведување на деветгодишно основно образование беа одредени недостатоци и проблеми со кои дотогашниот систем на осум годишно образование не можеше да го исполни и да ги оствари дадените барања и поради тоа се направија тимови за национална стратегија врз која се поставија темелите на новото деветгодишно основно воспитание и образование .

Се направи анализа на осумгодишното основно образование се воочија слабите страни, се редефинираа принципите и целите се реорганизираше основното училиште, се приближија до европските закони и регулативи.

Причини за воведување на деветгодишно основно образование

*нова образовната политика и стратегија

* изедначување со европските регулативи и закони

* почитување на традицијата и обележјата на една земја и народите во неа .

*Министерство за образование се заложи за законска регулатива (концепт за деветгодишно образование )

*Бирото за унапредување на образованието подготви (нови програми и учебници за работа, професионален развој на наставниците )

*Локална власт (соработка)

*Училиштето и неговата организација (раководство, стручна служба, квалитет на наставници, материјални можности и урбаност)

*моќта е способност

*Барање од науката разни решенија

- Употребливост на знаењата и нивна примена

- Поголема брзина на пренесување на информации

* Се менуваат вредностите на живеење

Како негативности на стариот систем се сметаат

- криза на вредностите и моралот

- немотивирани наставници и наставници кои многу малку ги следеа иновациите и се приклучуваа кон нив.

- традиционална и фронтална настава

- несоработка со родителите

- подредена улога и пасивна на ученикот

- нефлексибилни и обемни програми кои ја потенцираа образовна и факторграфската слика на образованието, а малку се внимаваше на функционалната и применливата страна .

- Учениците се осипуваа особено од ранливите категории на социјалните слоеви, повторуваа, или не продолжуваа да се образуваат по завршување на осовното образование .

- Преминот од одделенска настава кон предметна беше за многу ученици полн со стрес и намалување на успехот и поведението .

- Негативни појави со развојот на општетсвениот живот.

- Некултурно и недолично однесување на јавни места и културни институции.

- Полиберален и послободен начин на однесување за време на часовите и наставата.

- Немотивираност за некои корисни активности вон наставата и во слободото време.

- Криза на вредностите и моралот

Па од тука и потребата за нов концепт на образование кои се насочува кон задолжително основно и средно образование за сите граѓани на Република Македонија. Целокупните промени делуваат до секој поединец па и вклученоста на родителите е се поголема во училиштата, родителите често имаат нереални очекувања од организацијата на работата во училиштето, од наставниците, по однос на образованието на нивните деца . Се промени и наставникот, ученикот и родителот со сите свои традиционални ставови и забелешки и се поставија темели на новиот лик на

наставникот, поинакво место на ученикот и поголема вклученост на родителите во наставата и училиштето.

Со Националната програма за образование (2005 -2015), се започна процесот и концептот за деветгодишно основно образование, со законот за основно образование од 1998 се констатираше и регулираше почетокот на деветолетката или деветгодишно основно образование во Република Македонија.

Во Р.Македонија концептот за содржината и организацијата на осумгодишното во деветгодишно основно воспитани и образование е донесен во 2006 и од истата година започнува да се применува .

Главните придобивки во изминативе години се однесуваа на создавање на можности за наставниците посамостојно да ја планираат наставата да ги избираат наставните методи и средства, да направат избор на учебници и други извори за учење.

Како посебна придобивка во процесот на планирање на наставата е понагласено поврзувањето на учењето со искуството на ученикот, флексибилната организација на часовите, поттикнувањето на индивидуалните активности на учениците и групната работа, промените во распоредот на мебелот во училниците со што се подобрува комуникацијата и кооперативноста во учењето и слично. Овие постигнување се резултат на развојни проекти и истражувања кои изминативе године беа реализирани во наставниот процес.

Има потреба со новиот наставен план и програм да се постигне ново постапно и темелно планирање на само на наставата по задолжителните предмети и изборни предмети и за редовното одржување на часовите за индивидуална и заедничка помош на учениците со проблеми во учењето, дополнителната настава за ученици на кои им е потребна помош за одредени предмети и додатна настав за надарените ученици.(Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007:82)

Со тоа се остава место и за пореално планирање на вонаставните активности на учениците. Со промените се налага наставата и вонннаставните активности на учениците во I одделение да се задржи и постојниот кадар.

Одделенскиот наставник кој ќе започне да работи со учениците од прво одделение да продолжи да работи со паралелката до трето, односно и четврто и петто одделение.

Исто така наставата во прво одделение може да ја реализира наставник со предучилишно образование но тој ке остане да работи само со учениците од прво одделение. Наставниците кои работата со оваа мала возраст на учениците мора да ја прилагодат својата работа и планирање за возраста на учениците.

Првиот циклус на новиот концепт на деветгодишно основно образование е од I до III то одделение и се дава најголем акцент на нови систематски решенија во школувањето на учениците. Во овој перид наставата и другите облици на воспитно образовна работа со учениците се систематизирани и претставуваат една основна целина. Во прво одделение развојот на предоперативното ниво на мислење кај децата поминува кон степен на конкретни операции. Но овие промени не настануваат кај сите деца во исто време и со подеднаков интензитет, туку продолжуваат до трето одделение. Затоа со новите наставни планови и програми не треба да бараме во исто време исти или слични резултати кај учениците туку да го поттикнеме нивниот индивидуален развој по однос на барањата . (Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007:82 ) .

Новиот концепт налага почитување на индивидуалноста и програмите треба да се подготвуваат во поглед на индивидуалните разлики кај учениците за да на крај на првиот циклус со свое темпо ги исполнат сите барања.За таа цел со новиот концепт за настава учениците имаат доволно време да го систематизираат своето искуство и знаења и да усвојат нови знаења.

Главната порака е децата да учат од своето искуство, да им се овозможи сами да експериментираат, да ракуваат со предмети да користат симболи, да поставуваат прашања, да бараат одговори и своите наоди да ги споредваат со наодите на другите деца. (Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007:83)

Со овој пристап во планирањето и организацијата на наставата се остава доволно време на ученикот за усвојување на ново искуство и знаење а наставниците имаат многу повеќе можности да се посветат на индивидуалните разлики во процесот на учењето на секој ученик во паралелката. Искуството и знаењето на децата во периодот од 6 до 9 годишна возраст има темелно значење за нивното натамошно напредување на во основното училиште .

**Вториот перид од IV до VI то одделение**

Вториот период е од IV до VI то одделение односно од девет години во четврто одделение според новиот концепт се налага потребата да се продолжи процесот на континуирано усвојување на ново искуство и знаење и развивање на нивните способности за мислење што е помалку зависно од конкретното искуство. Мисловните операции кај учениците можат да се одвиваат и реверзибилно во спротивна насока со т.н.„интернализирање„ на операциите, а тоа покажува дека детето не мора и понатаму да ги решава проблемите само со методот на обиди и грешки, туку да напредува со развивање на способностите на конзервација. (Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007:84)

Со ова се согледува дека во овој период на новиот концепт е нужно учениците да се потикнуваат на интуитивно и конкретно да усвојуваат и разбираат основните идеи во областа на математиката и природата. Тоа налага да се поставaт развојни цели, што ќе претставуваат и очекувани резултати во четврто, петто, шесто одделение на основното воспитание и образование .

Со наставните цели и содржини и активности нужно е развојот на мислењето кај детето да се води кон стадиум на кој што ке може да ги замисли самостојно операциите да ги антиципира резултатите да се служи со системи за класификација. Поконкретно ученикот може да врши мисловни активности со сложени логички операции на повисок степен на(класифицирање.групирање,распоредување ),и сл.( Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007: 84)

Посебна карактеристика за оваа возраст е тоа што мислењето на детето може да биде независно од перцептивните елементи на спознаниет, што значи дека детето умее да ги класифицира предметите во група на која припаѓаат мноштвото на предмети, да ги групита во сродни категории или клас. Сите овие сознанија налагаат да се изготват нови наствни проограми со нив да се води поголема грижа за учениците да усвојат нови знаења да се усогласат целите, наставните содржини и методи во наставната за поттикнување на интелектуалниот развој на учениците .

Наставниците треба да бидат упатени дека во овој период на развојот детето не е секогаш во состојба да мисли само на апстрактно ниво. Нужно е училиштето да им понуди на учениците и родителите проширена програма која опфаќа

• целодневен или продолжен престој на учениците во училиштето

•слободни ученички активности од областа на културата, јазикот, уметноста, општествените науки, математика, природни науки, спорт, техника, технологија и др.

•Во новиот концепт за основно образование слободните активности се вклучени во програмата за работа на училиштето, за задоволување на интересите на учениците, и развивање на способностите на учениците за заедничка работа, која придонесува во зајакнување на меѓусебната доверба, држењето во слободно време и слично. (Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,2007:109)

Во основното училиште е предвидено според концептот слободните активности да се реализираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштита, унапредување на здравјето, или учество на учениците во културно уметнички и општествени хуманитарни активности, учество во училишен хор, оркестар,драмска, рецитаторска секција, во активности на помош на други лица и сл.

На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени предмети и области без разлика на успехот во редовната настава да се потврдат со своите постигнувања. Личниот интерес на ученикот има примарно значење за изборот на слободните активности. Основното училиште мора да води грижа и надлежно е за создавање на просторни, кадровски,и материјално технички услови за збогатување и осмислување на целите и содржините слободните ученички активности. Дали содржината на слободните активности ке биде поврзана со програмите од редовната настава зависи само од интересот на учениците .

Сепак без оглед на корелацијата или поврзаноста со наставата во која мера и да е, слободните ученички активности го збогатуваат воспитно образовниот процес а со тоа училиштето станува попривлечно за самите ученици.

Со планирањето и реализацијата на слободните ученички активности треба да се воспоставува современ пристап што ќе овозможува активно учество на учениците во повеќе фази почнувајќи и од изборот, селекцијата на темите, прибирање на податоци и нивна обработка па се до презентација на резултатите од слободните активности, па се до залагањето на учениците до нивна примена во училиштето, животот, средината .

За да не би дошло до преоптовареност на учениците се предвидува секој ученик да избере една активност во која ќе учествува .Оние ученици кои учествуваат во училишниот хор или оркестар можат да се ангажираат најмногу до три часа во

неделата. Одделни секции или групи кои се организирааат за слободни активности на учениците можат да се обединуваат според содржината и карактерот на активностите во поголеми ученички интересни активности.

Така на пример во училиштето може да се формираат литературни дружини, ученички задруги, спортски друштва, технички клубови, културно уметнички друштва и др. Постојат можности за поврзување на слободните ученички активности на ниво на општината со соодветни интересни организации и заедници ( Црвениот крст, Народна техника, извиднички одреди, Детската организација, планинарски друштва, еколошки друштва и др) .

Слободните ученички активности се планираат со годишната програма на училиштето. Соработката и носител на изготвување на програми е Бирото за развој на образованието кое врз програмските основи за одредување на целите на одделни слободни активности на учениците, нивната организација, специфични карактеристики и слично. Кога би се правело споредба или компарација сепак би морале да истакнеме дека слободните активности го имаат маргиналното значење бидејки новиот концепт нуди една широка и преобемна програма за реализација, наставните програми се претрупани со содржини за редовната настава и изборните предмети реално реализацијата на слободните активности е отежната од немањето можности и време за реализација .

Во првиот период децата се определуваат за активности кои се поврзани со играта, спорт, уметноста, често се одлучуваат поради другарчето да пристапат кон една активност. Ученикот треба да се определи за една активност посвој личен избор, за да не дојде до преоптовареност поради часовите во редовната настава. Слободните активности се предвидени со проширената програма на училиштето и на разни манифестации кои училиштето ги организира, приредби или натпревари може да се претстават резултатите на учениците од постигнувањата во слободните активности по што и многу мотивирачки ќе се делува кај самите ученици.

Во слободните ученички активности може да учествува секој ученик без оглед на неговиот успех што дава можност кај интровертните или послаби ученици да се постигнат многу подобри резултати освен со редовната настава.

Слободните активности треба да овозможат задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците за стекнување на знаења и умеења по одреден предмет или област.

Во нив какви содржини и облици ќе се планираат зависи од интересите и можноститет на учениците. Училиштето е одговорно и задолжено да обезбеди услови за организирање на слободните активности на ученикот. Ако направиме една анализа помеѓу поставноста на слободните учнички активности порано во осум годишното основно обазование и сега ке воочиме дека постои разлика во поставеноста по однос на наставниот план во осумгодишнот основно образование стои дека во I и II одделение за учениците се предвидени по еден час слободни активности а од III – VIII одделение по два часа. Наставниците имаат обврска да поготват програма на ниво на одделение или актив и според интересите на децата да организираат за нив интересни и содржајни активности.

Во новиот концепт за слободните активности не се обележани во наставниот план туку се предвидени со проширената програма за работа на училиштето . Поради поголемиот број на часови во новиот концепт на деветгодишно образование за слободните активности е предведена една содржина по избор на учениците од 1 -3 часа во неделата .

За жал реалност вели дека учениците поради големиот број на часови неделно во редовната настава многу малку имаат време за учество и реализирање на слободните ученички активности .

Често предвидените содржини на слободните активности се заменуваат со содржини од редовната настава.

Сепак во училиштата се формираат услови за реализација, а наставниците имаат обврска да подготвуваат програма за реализација на слободните активности.

Нашите претпоставки се дека во основните училишта не се реализираат слободните ученички активности или во недоволно се реализираат според случувањата во праксата. Од досегашните анализи на многу трудови очигледна е големината на слободните активности нивната улога и важност но за жал нивното место е маргинализирано во воспитно образовниот процес .

Дефинирајќи го слободното време и согледувајќи ја неговата важност потребно е да се истакне дека современите и урбани општества нудат разни можности за организирање на слободното време во институциите, организациите, установите, објектите, службите и слично .

Проблемот „слободно време„ се разгледува како дел од слободните ученички активности. Овие активности се планираат и реализираат претпладне односно попладне според распоредот и смените во кои учениците ја следат наставата. Потребата од развивање на нови наставни планови и програми би ја подобрила целокупната воспито образовна дејност нејзината содржина и организација и би била во согласно со современите тенденции со образованието на светски размери.

Досегашните програми нудеа исти извори за учење и исто напредување на сите ученици независно од нивните индивидуални потенцијали и постигнувања. Слободните ученички активности практично и да не се реализираа, дополнителната и додатнта настава не функционираа иако постоеја во декларативно ниво.

Во училиштата постои висок степен на толеранција на насилничкото однесување. Со новите наставни планови и програми од почеток на деветгодишното основно образование се дава можност и има потреба од една постапност и темелност во планирањето на целите, содржините, активностите за да се постигне една поголема усогласеност помеѓу наставата и учењето, со индивидуалните разлики, потенцијали, можности и желби на ученикот.

Потребен е поинаков пристап во развојните етапи во секој циклус од образованието и индивидуалниот пристап кон развојот на ученикот. Се дава можност секој ученик да си напредува со свое темпо и да може во секој циклус да има време да ги исполни барањата на новиот воспитно образовен процес .

Тргнувајќи од една од целите која основното образование е должно да ја остварува согледуваме еден хармоничен развој на учениците (когнитивен, емоционален, социјален, психомоторен,) во сообразно со нивните индивидуални способности и развојни законитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи .

Можеме да забележиме дека основа на развојот на личноста е неговата слобода, правото на избор, принципот на слободен избор и можноста од согледување и јавно известување и мислење на постигнатите резултати .

Деветгодишното основно образование сеуште не е завршено, во периодот на изготвувањето на трудот, потребно е време за консолидирање на резултатите и согледување на добрите и лоши страни.

## 6.Улогата на наставникот во реализација на слободните ученички активност

За правилно негување, чување и воспитување на младиот–новиот човек неопходно е постојано да бидеме во корелација со неговите години, иако тоа не е лесно и едноставно, со детето–дете, со ученикот–ученик, со човекот– човек, се разбира под цензура на стекната мудрост, родителски авторитет и толерантност (Списание за педагошки прашања,1996:57)

Да се биде наставник е предизвик но и голема одговорност пред идните генерации на едно општество. Улогата на наставникот во воспитно образовниот процес е многу важна и голема. Ликот на наставникот со својот позитивен пример е носител на една позитивна слика за се што е врзано со училиштето.

Во минатото се сретнувавме со наставниците од автократски тип со доминантност на фронталната форма на работа во наставата и активностите надвор од неа .

Само наставникот имаше право да зборува кога сака да прашува кога сака да упадне во збор да организира ,планира и реализира. Со реформите во обраованието од корен се смени и улогата на наставникот .

Освен во поглед на неговото образование што го согледуваме дека најголемиот дел од наставниците се со високо образование има и магистри во делот на наставниците што не беше случај порано кога поголемиот дел беа со вишо образование .

Измените на законот за основно воспитание и образование, новиот концепт на основното воспитание и образование доведоа да промена и на ликот на наставникот неговото образование, неговите карактеристики, односот кон ученикот, демократски, партнерски, заеднички договори со учениците за реализација, средби со родители работилници.

По однос на начинот на кој наставникот работи во редовната настава и тоа како се разликува организацијата на слободните ученички активности. Кога ја разгледува улогата на наставникот неминовно е да споменеме што всушност се бара од еден наставник.

Со кои квалитети и способности располага и ги поседува.Општи критериуми кои се спомнуваат за еден наставник се :

- човечките квалитети со кој располага (љубезност, пристапачност, весел, насмеан, позитивен)
- квалитети кои се однесуваат на дисциплината (фер, праведен, непристрасен, објективен )
- професионални квалитети(добро ја познава својата струка, соработува, помага, убаво објаснува)
- физичкиот изглед(среден, убаво изгледа, има пријатен изглед,).(Pedagoska enciklopedija I i II,1989:103)

Едно непишано правило кое постојано се споменува е наставникот се истакнува со скромност, со ведрина, добар дух, *приступачен и ги сака децата.*

Можеби и најважната алка во реализацијата на слободните ученички активности е поголемата ангажираност на наставниците за популаризирање, усмерување теоретско проучување и научно истражување на слободното време. Наставниците имаат значајна улога во однос на креирањето и поттикнувањето на учениците за правилно и културно поминување и исполнување на слободното време на учениците.

Тие со своите активности би требало учениците да ги мотивираат своето слободно време да го поминуваат корисно и позитивно, растејќи и развивајќи се себеси и своите интереси.

Наставниците преку слободните активности имаат можност во воспитната дејност да поаѓаат од интересите на учениците, од нивните слободни и спонтани активности, нивните желби и искуства. На тој начин се избегнува пасивното примање и усвојување, меморирање на готово знаење без недоволно мисловно напрегање и ангажирање на самостојна работа на ученикот во наставниот процес.

За да можат да се воспостават здрави контакти меѓу учениците и наставниците неопходно е односите меѓу нив да бидат исполнети со ведрина, пријателство, разбирање, топлина.

Наставниците треба да бидат во улога на советници кои на учениците ќе им оставаат слобода да го менуваат своето мислење, идеи, да додаваат нешто ново, да ги прифаќаат или одбиваат.

За слободните активности карактеристично е тоа што учениците во нив се вклучуваат без разлика на нивниот училишен успех во редовната настава. Со тоа пред наставникот се поставува задача учениците да ги охрабри, бодри, да ги стимулира оние ученици кои покажуваат одредени слабости во редовната настава.

Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека ангажираноста во слободните активности им помага на учениците да се „разбудат" и да постигнуваат поголеми успеси. Успехот се должи и на пофалбата која ја добиваат од наставникот, а кој не ги следи на часовите во редовната настава.

Праксата покажала дека овие ученици подоцна пристапуваат со поголем жар и постигнуваат поголеми резултати (Будимир-Нинковић,2008:262).

Наставникот при организирањето на слободните активности би требало помалку да биде предавач, со децата да работи на што помалку упадлив начин. Потребно е да ја прати работата на учениците, да го запознае нивниот напредок во различните активности и да ги поттикнува на поголем успех. Тој би требало да умее со помош на критика, прашања и совети да го наведе детето само да разбере што направило и што уште треба да направи.

Кога станува збор за задоволувањето на детските интереси преку слободните активности, на наставникот му е особено тешко да изврши добар избор на активности, бидејќи децата имаат разни видови интереси – некои се навистина добри и креативни, а

некои минливи и безначајни. Потребно е да се издвојат важните интереси, кои се трајни и кои влијаат на децата, за разлика од оние кои се минливи, настанати од моменталната детска желба и потреба.

Во таа смисла пред наставникот се поставуваат две задачи: едната е да создаде средина во која учениците ќе бидат поттикнати и мотивирани на работа и творештво, и втора: да ги ориентира. При тоа мора предвид да дека разноликоста и богатството на средината и условите дозволуваат детето да се менува и да ги збогатува своите животни искуства.Услов за тоа е наставникот да поседува посебна педагошка надареност, да може во долгата систематска работа слободните активности да станат извор на детска радост и успешна работа.

Во организирањето на слободните активности како проблем се наметнува и дисциплината, односно прашањето како да се обезбеди слобода и спонтаност, а притоа да не се создаде анархија. Цел на слободните активности е развивање на меѓусебна соработка, заедничко дружење на учениците во работата, па така и дисциплината мора да биде соодветна на таа цел. На наставникот мора да му биде јасно дека во таквата средина ќе има неред, нема тишина, учениците нема да бидат во една иста положба.

Наставникот не треба да инсистира на строгост и казни, туку треба да поаѓа од детето онакво какво што е, а не од детето воопшто или уште помалку од она што според негово мислење треба тоа да биде. Тој треба да се труди да го привлече вниманието на цела група ученици, преку водење дискусии и активности во кои ќе се вклучат повеќе деца, поттикнувајќи ги сами да истражуваат, сами да даваат предлози и критики.

Покрај сето ова од особено значење е меѓу учениците и наставникот да постои и длабоко лично пријателство. Без љубов, ни целиот талент, педагошко познавање, долгогодишна пракса, ни целата интелегенција нема да придонесе да се развива нешто нешто конструктивно и креативно (Будимир-Нинковиħ, 2008,:267).

Реформите кои настануваат во целокупното образование наметнуваат потреба да се реформира и самиот наставник ,неговиот пристап кон наставата и кон ученикот ,по однос на организацијата на работата планирањето ,реализирањето .На мислење сме дека наставниците се многу слабо платени и дека слабо се мотивираат за работа надвор од редовната настава.

Со новите измени во законот за работни односи за основно образование наставникот е ставен пред еден законски акт постојано да се сертифицира ,дообразува ,посетува семинари се со цел унапредување на воспитно образовниот процес .Да се скрои терк за речиси совршен наставник е секако неспоиво со реалноста но сепак се делува на ликот на наставникот со сите работи кои дополнително ке ги слушне или види.Иако ги подржуваме сите овие семинари и сертификации на наставниците сепак сметаме дека треба да постои критичко проследување и наметнување на тоа што навистина е добро и квалитетно , во спротивно ќе се доведеме во ситуација на хиперсертификација која ги задоволува формите но не и квалитетот и потребата од семинари.

Често во кулуарите на наставниците се зборува дека таа преформсираност на семинари е беспотребна и дека се тоа се веќе кажани и е само губење на драгоцено време и наметнување на нови барање и обврски за наставникот кои само го намалуваат времето со учениците за квалитетна воспитно образовна работа .

Наставникот најдобро го познава своето одделение и групата со која работи ,лесно ги препознава скриенте таленти ,интереси можности кај своите ученици.Неприкосновена е неговата улога во однос на редовната настава ,и гледано од наш аспект насоките и планирањата за слободните активности на учениците .

Времето кои учениците го поминуваат во училиштето е време исполнто и плански осмислено, умешноста на наставникот, новите програми, па и планирањата кои индивиуално се подготвуваат се со цел да изградиме млади личности кои ќе бидат здрава келија и вон училиштето и во други улоги во социјалниот живот .

Денешниот наставник е пофлексибилен поотворен за соработка, го почитува и милсењето научениците го уважува и вреднува. Во организација на слободните ученички активности, наставникот е партнер помеѓу учениците. Заеднички ги планираат активностите, термините за идна средба, ги почитува интересите на децата сите имаат ист третман во групата и најсрамежливите и најповлечените деца па и послабите .

За вклучување во една активност не е мерило успехот на ученикот туку неговата желба интерес и можност за реализација.Наставникот треба да го почитува изборот на ученикот кој се темели на принципот на слободен избор и да го пофалува и вреднува и најмалиот видлив резултат.

Во групата наставникот го нема главниот збор тој потскриено ги мотивира учениците остава групата самата да избере раководство на демократски пат да делува, потолерантен е не ги користи истите методи на работа .Подготвува програми според желбите на учениците и заедно со нив проектира нови содржини.Тука доаќа до израз креативноста на наставникот неговата иновативност и партнерски однос со учениците .

Од досега изнесеното како и од делумните истражување на територија на Р.Македонија, учениците најмногу ги почитуваат оние наставници кои се потолерантни, кои имаат рабирање за учениците, кои се објективни, реални, смирени, забавни, интересни, млади и секогаш подготвени за помош. Учениците ги сакаат оние наставници кои го почитуваат ученикот како индивидуа, како личност, неговите потреби, желби и склоности како и оние кои се непосредно послободни, послободоумни, побунтовни, во некои ситуации, како и со оние кои се поумерени и можат да ги контролираат своите емоции, и своето поведение ,и покажуваат отворена и непосредна комуникација во училиштето.

Сепак мора да се укаже и на состојбата дека до ден денес слободните ученички активности се маргинализираат, се уште не се на вистинското место. Програмски се вклучени во проширената програма на училиштето и во многу зависат од умешноста на наставникот кој притиснат од големиот број на часови едвај и да наоѓа време за редовната настава.

Многупати наставниците гласно говорат дека со новиот концепт на основно образование се зголеми бројот на часови во редовната настава, а со тоа и се зголеми оптовареноста кај учениците во извршување на редовните ообврски. Наставниците подготвуваат самостојно програми кои се врзани со желбите и интересите на децата што значи потребно е дополнително време за изработка на тие програми, а од друга страна имаат многу работа околу задолжоителните предмети, со законот се вклучени веке од трето одделение и изборни предмети сето тоа делува како фактор на оптовареност на работата на наставникот која доведе до проформа работа со слободните ученички активности.

Нашето истражување се надеваме дека ќе допринесе до разрешување на многу дилеми,константирање на фактичката состојба на некои работи во основното образование и реалност која треба да ја прифатиме .Секако да се стави еден акцент на времето кое следи и за кое е важно да се воспитуваат и образуваат личности

ослободени од товарот на сите приблеми недоразбирања и ненамерни грешки настанати во виорот на трансформациите и реформите.

Потребата да се пристапи до секој ученик во групата, одделението го наметна мислењето дали досега наставниците работеа, општеа, комуницираа, со посилните ученици, а послабите и поинтровертните да бидат занемарени. Наставникот треба да ја прилагоди своја улога и да биде сервис на секој ученик, да ја прилагоди програмата и да најде место за секој да напредува по свое темпо и да се радува за постигнатото.

Слободните ученички активности го нудат токму тоа секој ученик да се пронајде во една активност која е во кореалација со неговите желби, можности.Основното училиште и наставникот се првите основачи на развојот на интересите за слободните активности, не ретко и единствените .

Реализацијата на оваа важна задача е да младите личности се водени од способни „експерти„искусни индивидуалци што е и основен услов за успешно формирање на зрели индивидуи. Според Ѓуро Сврдлин во книгата „Наставникот на основното училиште како фактор на рационално организирање на слободното време „смета дека наставниците треба да ја прилагодат програмата за слободните ученички активности во зависно од приликите и условите на живеење на учениците,да ги согледаат нивните интересирања и желби. (Svrdlin,D.,1971:163)

Следствено на тоа наставниците на основното училиште имаат посебна функција во поттикнување на некои ученици во здраво користење на слободното време, бидејќи знаат дека е тоа за многу деца „спас„ бидејќи така можат да остварат одредени склоност, кои имаат долгорочна вредност и за нивното морално созревање. Сепак сме свесни дека оваа област на воспитанието е многу занемарена па од тука и следи дека работата на наставниците во организирање на слободните активности не се цени многу, и кај самиот наставник се гаси интересот и желбата за ангажирање во оваа проблематика.

Педагогијата на слободното време сеуште треба да се истражува и анализира така да голем дел од можностите на слободното време ќе останат да тапкаат и стагнираат.Искуствата на одредни училишта во кои со години се развила убава насока за реализирање на слободните активности покажуваат дека наставникот и неговата

спремност е прв услов за за здраво користење на слободното време и успехот на тоа поле.

Сепак е јасно дека нема посебна подготовка за наставниците за работа и организација на слободните активности.Потребно е усвојување на соодветни методи за работа во слободните активност, со учениците треба да се надмине сфаќањето дека со завршување на академското образование наставниците се подготвени за работа и организирање на слободните активности. На наставниците им е потребна подлабока анализа и поддршка во однос на подготовката на програмите за слободните активности а од тука секако ќе произлезе и посериозниот пристап во организацијата и поставеноста на слободните активности.

Современиот и добро подготвен наставник со својата инвентивност и креативност ке го направи времето поминато во слободни активности популарно позитивно и актуелно за учениците и ке ги надмине и надополни честите несоодветни услови за работа кои училиштето не е во состојба да ги исполни. Потребата од развивање на зрела личност која ке се снајде во сите облици на живеење бара еден поинаков пристап на образование на наставниците и профилите на наставен кадар со еден важен акцент на педагогијата на слободното време со продуцирање на кадар кој полесно ке се справува со оваа проблематика .Наставниците со внесување на разновидни содржини на слободни активности ќе го направат училиштето место кое ке биде примамливо и интересно за учениците. Место каде ќе се чувствуваат пријатно каде ќе можат да се изразат да творат и да се социјализираат.

Со правилни насоки на организирање на слободните активности се поставуваат темелите на правилно и зрело користење на слободното време на секоја индивидуа. Подрачјето на педагогијата на слободното време се повеќе треба да добива на големина и значење согледувајќи ја неговата важност и значење.

Во Р. Македонија има многу малку научни расправи, трудови анализи за слободното време и активностите на слободното време пред се тоа е и показетел дека оваа проблеметика допрва треба да се развива и анализира.Искуствата говорат дека сепак акумулирањето на искуствата на наставниците, стручните лица, научната елита на едно општество како што е нашето треба да води сметка за слободното време и активностите на ученикот .

Големи се влијанијата на негативните асоцијации  кои можат лесно да го преизвикаат и заведатат ученикот кон некои групи, банди или поединци.

Затоа пред наставникот на 21 век се исправа еден предизвик да биде аниматор, организатор на организацијата и реализацијата на слободните активности .Само добро подготвен наставник ке ги употреби слободните активности за правилно развивање на младите ученици ке ги подготви да бидат добри граѓани на едно општество во кое ке бидат пример за добро однесување и неговите идеали.

Наставникот треба да го почитува и психолошкиот и социолошкиот момент на слободните активности како делуваат и во однос на секоја индивидуа и како таа се снаоѓа во групата. Размената на искуства помеѓу наставниците, од постарите на помладите, помеѓу училиштата кое може да се реализира преку посети, снимања на активности со камера, размена преку интернет, соработка со локалната средина одредени фолклорни друштва, настапи, организирање на разни трибини, предавања, од областа на слободното време.

Наставниците треба да го научат ученикот тој сам да си ги организира слободните активности,критички да настапува и воочува ,односно да биде воспитан да да умее да го користи.Низ основното училиште поминуваат сите луѓе како чисти и едноставни млади единки упиваат се што ке се каже и остава трага на нивниот понатамошен равој .

Сепак умешниот наставник ке знае да раководи и со преголемиот број на часови и со времето поминато надвор од редовната настава ,особено во наставата со продолжен и дневен престој каде поради потребата на родителите остануваат децата до 17 часот .

Следејќи ги можностите на детето секое училиште треба да обезбеди услови за реализирање на слободните активности со самото тоа ќе стане поатрактивно и поинтересно за запишување на ученици и за правилно развивање и одгледување на млади генерации кои ке растат во едно тешко време на морални врености и норми .Сепак останува енигма дали наставниците и основните училишта ке останат на висината на задачата или едноставни ќе ги маргинализираат работите во оваа проблематика оставени на времето и поттиснати од целокупните состојби со кои во моментот се справуваат ......

### 6.1 .Карактеристики и особености на современиот лик на ученикот

Тоа што му се нуди на ученикот во новото современо училиште е загарантирано со законот и основните човекови ,права. Ученикот има право да ја посетува наставата и да учествува во воспитно образовната работа што ја организира основното училиште член,54.

Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнувапланираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа. За учениците кои покажуваат значителни резултати од одделни области, извршувањето на обврските и начинот на остварување на програмата на основното училиште се прилагоди на начин кој го утврдува министерот, по предлог на Бирото (член:55). Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања,основното училиште ги пофалува односно наградува. На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во наставните ивоннаставните активности, основното училиште, на предлог на наставничкиот совет, импроверување го пропишува министерот( Закон за основно воспитание и образование, 19.08.2008)

Со новиот концепт на основно образование иновациите и барањето за поинаков пристап кон ученикот подемократски и партнерски се доби една поинаква слика. Учениците не го доживуваат наставникот како автократ или некој од кој би се плашеле, туку го доживуваат како некој близок во кој имаат доверба и взаемно разбирање .Овие ученици не се како порано самите генерации се поинакви поттикнати од времето во кое живеат.Он лине генерации кои за жал се помалку знаат д аиграат детски игри .Ученикот е партнер во работата, учествува со повеке свои идеи,слободно укажува на интересни и за него позитивни содржини преку кои подобро се исполнува и го организира своето време .

Времето на компјутери и ерата на информатиката покажа една силна нота на индивидуаллност и живеење во виртуелен свет.

Учениците сакаат да учествуваат во слободните активности, таму се дружат со своите другарчиња, со истомисленици, со подобри ученици, стекнуваат нови знања и интереси, имаат време исполнето во креативност, негување и мотивирање на позотивни чувства и идеи.

Сепак мора да се истакне дека ученикот вклучен во воспитно образовниот процес и тоа како е оптоварен со многу часови и наставни предмети со предозирани програми, па често кај учениците се губи желбата за учество и во некоја активност,секција, клуб.

Со новиот концепт и преобемниот фонд на часови, останува мислењето дека нема доволно време за реализација на слободните ученички активности, време на слободен израз и време на себеисполнување.

## 7. Современото училиште и материјално техничките услови за реализација на слободните ученички активности

Слободното време и ученичките активности надвор од наставата се дел од воспитно образовниот процес со свои цели и задачи кои се реализираат по слободен избор на учениците. Содржините во слободните активности ги организираат и ангажираат учениците во позитивна насока одбрани според афинитетот, интересите, склоности, ориентирање и насочување.

Преку слободните актвности учениците ги продлабочуваат и прошируваат знаењата се мобилизираат и креираат создаваат и стекнуваат знаења и искуства по одредени предмети.

Училиштата се места каде се реализираат слободните активности условите за работа може да се каже дека се пристојни за работа. Гледано во градските средини, во поголемиот број на приградски и селски средини сеуште основните услови за работа се скромни или тешки. Со исклучок на приватните училишта во редовните државни општински училишта нема доволно услови за реализирање на слободните ученички активности . Потребата за одрени специфични активности, на пример да има базени за пливање, или тениски игралишта сепак е само дел на приватни или јавни претпријатија и организации. Со реновирање на училиштата на ниво на Р.Македонија,се подобрување условите за работа во последниве години и стандардите се изменија така да се наеваме дека покрај новите училишта ке има простории и за организирање на разни слободни активности(спортски сали, базени, лабаратории, работилници и слично).

Размислувајќи на релација училиште и општествена средина доаѓаме до заклучок дека просториите во училиштето треба да се збогатат со нови функционални дидактички средства и техника,кои се наменети за реализација на активностите во слободното време на ученикот.

Во училиштето најмногу место се остава на редовната настава,и активностите на слободното време се реализираат во истите простории најчесто после наставата или во други делови на училишниот објект. Сепак се уште стоиме на ставот дека училиштата ги немаат во потполност пристојните услови за реализација на слободните активности.

Реформите во образованието, проектите кои се во моментот на реализација се насочни кон подобрување на условите за работа и стварање на удобен простор на учениците .

Во време на силна урбанизација и форсирање на бетон наспроти зеленило, терени и места каде младите ке се релаксираат, одмараат, креираат треба побараме и да се залагаме за простор за зеленило за клубови и места за формирање на групи каде секој по свој избор ке учествува .

Со децентрализацијата на општините товарот за обезбедување на подобро услови за живот паѓа на локалната власт и градоначалникот од кој во многу зависи како ќе се одвиваат нештата во една општина.Од сослушавање на потребите на граѓаните и некомерцијализирање на спортските објекти со кои стопанисува општината зависи и просторот каде ученииците ќе го поминуваат своето слободно време и ќе учествуваат во активности по свој избор .

Детето е среќно кога игра и се изразува преку разни слободни активности.

Учи подобро во подобри услови ја доживуабва својата околина попријатно кога е убава средена и зелена. Организирањето на разни манифестации кои ги организира локалната власт во која учениците ке покажат што научиле во слободните активности ке биде уште поголем мотив за учество и напредок на индивидуата .

Во основните училишта се запишуваат ученици кои живееат во непосредната околина во најголем дел, многу е важна околината на училиштето дали има двор колку е хигиената и зелениот појас добар, мотив е за секој родител неговото дете да учи во училиште со убав и среден изглед .

Учениците првите информации ги добиваат со средбата на објектот и многу често првите цртежи на децата се голема зрада со многу прозори. Надворешниот изглед исполнет со зеленило чиста околина реквизити за разонода, лулашки, песок, терени за кошарка, фудбал,се привлечни за учениците и за помладите и за постарите .

Внатрешно средените простории со дел за театар, читални, убави библиотеки, кабинети,сала со реквизити за повеќе спортови се потреба. Мал дел од училиштата имаат базен, или терен за хокеј, или место за вежбање за планинарење или други спортови поекстремни ,нема ниту услови ниту кадри оспособени за нивна реализација. Се смета дека училиштата кои први ке обезбедат условои за разновидни слободни активности ке бидат многу атрактивни и повеке ученици ке се запишувваат во нив.Реалност сепак не потсетува на трпение бидејќи треба време и многу финансиски средства за реализација на поамбициозни проекти.

Добредојдени се донации од приватни фирми и бизнисмени кои работат во околината и кои на тој начин помагаат младите да го користат правилно своето слободно време а не да безделничат и подлегнуваат на негативните појави и пороци.

Училницата е место каде ученик престојува во најголем дел од времето поминато во училиште.Во неа има свое место, личен простор, овде ги чува своите работи и ги презентира своите изработки. Важно е да е безбедно за ученикот, доволно светло, топло. Во својот простор тој работи, твори, креира, игра, се дружи со своите другарчиња. Дел е од една група има своја улога во неа.Колку е овој простор побогат во смисла со едукативно функционални елементи, нуди поголема можност за полесно изразување на секоја индивидуа .

Потребно е да планираат корисни урбани простори, на градот или општината, кои ке се искреираат во посебни детски територии со елементи познати за нивниот свет. Децата често немаат каде да си играат бидејки сите проектирани содржини во нивната околина се наменети според потребите на возрасните. За здрав развој на младата личност неопходно е да се овозможи разноликост на играта и слободните активности.

Кога се планира просторот секако е многу важно да се има во предвид атрактивноста на терените за рекреација, културно и ликовно доживување, па и релаксација. Децата просторот го перцепираат не само според димензиите и градбата туку и според бојата, шаренилото, графиката карактеристично за нивната возраст и

интерес. Топлиот амбиент и топлата средина која го опкружува детето од првиот ден кога поаѓа во училиште е важен сегмент за поуспешна работа и за време на редовната настав и за време на слободните ученички активности.

# Методологија на истражувањето

## 2 .1. Предмет на истражување

Предмет на нашето истражување е „ Поставеноста и реализацијата на слободните ученички активност во првите два циклуса на новиот концеп на деветгодишно основно воспитание и образование.

## 2 . 2 . Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е да се дојде до релевантни сознанија за тоа каква е поставеноста и дали се реализираат слободните ученички активности во првите два циклуса на деветгодишно основно образование .

### КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Карактерот на ова истражувањето се проследува како истражување кое е планирано, дескриптивно, квантитативно, емпириско, интердисциплинарно .

Планирано, бидејќи му претходи план и проект за реализација и организација на истражувањето.

Дескриптивно, бидејки е насочено кон утврдување и опишување на одредени состојби во образованието по однос на реализирање на слободните ученички активности.

Емпириско, бидејќи сосотојбите во однос на реализацијата и поставеноста на слободните ученички активности ке се истражува емпириски.

Квантитативно, бидејќи ќе се заснива на на прецизни и објективни методи

Интердисциплинарно бидејки ги опфаќа повеќето дисциплини .

## 2 .3. Задачи на истражувањето

Поставената цел на истражувањето се конкретизира преку следите задачи :

1 .Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците по однос на реализирањето и поставеноста на на слободните активности во првите два циклуса.

2.Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците колку се мотивирани за реализирање на слободните активности,во училиштето.

3. Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците по однос на условите за реализација на слободните ученички активности во училиштето.

4. Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците по однос на оптовареноста на учениците со наставните обврски.

5.Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците, колку се почитува принципот на слободен избор на учениците при изборот на слободните активности.

6. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците колку се почитува желбата на ученикот при изборот на слободните активности.

7. Да се испитаат мислењата и ставовите на родителите колку имаат сознание за реализацијата и организацијата на слободните активности на нивните деца во училиштето .

8. Да се испитаат мислењата и ставовите колку родителите влијаат врз определување на своето дете за избор на слободни активности.

9.Да се испита мислењата и ставовите на родителите колку се задоволни од реализацијата на слободните активности .

10 Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за реализацијата и организацијата на слободните активности .

11.Да се испитаат ставовите и мислењата на учениците колку се почитува принципот на слободен избор за вклучување на учениците во слободните ученички активности .

## 2 .4. Хипотези

**Главна хипотеза**:

Слободните ученички активности доволно не се реализираат во првите два циклуса на деветгодишно воспитание и образование .

**Помошни хипотези**

1 .Претпоставуваме дека наставниците не придаваат доволно значење на слободните активности.

2.Претпоставуваме дека не ги реализираат во доволна мера целите и задачите на слободните активности.

3.Претпоставуваме дека наставниците не се во доволна мера мотивирани за реализација на слободните активности.( парична надокнада и сл.)

4. Претпоставуваме дека училиштата немаат услови за реализација на слободните активности.

5. Претпоставуваме дека со новиот концепт на деветгодишно основно воспитание и образование наставниците сметаат дека нема доволно време за реализација на слободните активности.

6. Претпоставуваме дека учениците се преоптоварени со наставни содржини.

7.Претпоставуваме дека наставникот не го почитува принципот на слободен избор при определување на ученикот.

8. Претпоставуваме дека наставникот смета дека полот на ученикот влијае врз изборот на слободните активности.

9.Претпоставуваме дека родителот нема доволно информации за реализацијата на слободните активности.

10.Претпоставуваме дека родителите сметаат дека слободните активности позитивно влијаат развојот на ученикот.

11.Претпоставуваме дека учениците активно учествуваат во реализацијата на содржините.

12.Претпоставуваме дека учениците соработуваат во групата меѓусебно.

## 2. 5. Варијабли

По однос на варијаблите за ова истражување за

**независна варијабла се земени**

-пол (м, ж), возраст,

-работното искуство (стаж), пол, и степен на образование на наставниците

-возраст и образование на родителите на родителите

**Зависна варијабла**

- реализацијата на слободните ученички активности.

## 2 .6 Методи , техники ,инструменти

Од **методи** ке се користат-дескриптивниот метод, индукција, дедукција, кванитативна метода во текот на истражувањето

Од **техники**

-Анализа на содржина за да добиеме објективен систематски и кванититативен опис на содржината на програмите, и извештаите од реализираните слободни ученички активности

-скалирање – за да утврдиме ставови, мислења и погледи по однос на реализација и поставеноста на слободните ученички активности на наставници, родители и ученици

-анкетирање за да добиеме одговори по однос на предметот на истражувањето (статус возраст пол на испитаници работен стаж, мислења и ставови на испитаниците )

**Инструменти**

-анкетни листови –со прашања од комбиниран тип,анкетен лист скалер, чек листи, табеларни прегледи ,белешки пораки, извештаи

## 2.7. Примерок и популација

Популацијата на ова истражување ја сочинуваат ученици од основните училишта од IV –VI одделение, наставници кои предаваат од I –VIII одделение и родителите на учениците по случаен избор .

Од популацијата се избрани примероците на ова истражување по случаен избор учениціод четврто, петто и шесто одделение вкупно 105 ученика наставници кои предаваат во сите три циклуса на основното воспитание и образование вкупно 140 и родители на ученици вкупно 120 кои живеат во градот Скопје .

Беа опфатени 5 училишта, од Скопје за релевантноста на истражувањето се водеше сметка за релевантоста на примерокот и се согледаа нивните ставови и мислење по однос на реализацијата и поставеноста на слободните ученички активности

Основни училишта на ниво на град Скопје:

1.ОУ„Блаже Конески„-Скопје

2. ОУ „Кирил Пејчиновиќ„-Скопје

3.ОУ„Рајко Жинзифов„Драчево

4.ОУ„11 ти Октомври„Скопје

5.ОУ „Димитар Македонски„Скопје

Реализацијата на истражувањето се одвиваше постапно, во 2011/12 година по добиена соласност од директорите на училиштата и се реализираше без проблеми, можам да истакнам дека и наставниците и родителите и учениците беа расположени за комукација и пополнување на прашалниците .

## 2.8.Статистичка обработка на податоците

По завршеното истражување резултатите ке бидат обработени, со сигнирање и кодирање на податоците. Ке се пребројуваат, анализираат и групираат според заедничките обележја.

Добиените податоци од истражувањето ке се обработат со помош на компјутерскиот програм,Exsel, со чија помош ке се пресметаат фрекфенциите, процентот. За полесно интерпретирање и толкување резултатите ке се претстават бројчано, графички, процентуално,табеларно и врз основа на собраните податоци ќе се врши и анализа и интерпретација по однос на предметот на истражувањето .

# III.Анализа на добиените податоци

## Анализа и интерпретација на истражувањето

Анализата и интерпретацијата на добиените резултати е извршена соодветно на одговорите кои беа дадени во анкетните листови .Добиените одговори служат за потврдување односно отфлање или делумно потврдување на хипотезите.

Интерпретацијата на резултатите, добиени од инструментите се во функција на предметот на нашето истражување и ке покажат една состојба на зависната варијабла реализацијата на слободните ученички активности во деветгодишнот основно воспитание и образование .

Анализата на резултатите од истражувањето ке се реализира согласно редоследот на хипотезите .

**Прва хипотеза 1. Претпоставуваме дека наставниците не придаваат доволно значење на слободните активности**

**Во функција на докажување на хипотезата се анализираат ставовите на наставниците , родителите и учениците од анкетните листови .**

за *наставници*

прашањр бр 1.Ги советувам учениците да учествуваат во слободните ученички активностии прашање(1)

и прашање бр2 за *наставници*.Подготвувам програма за реализација на слободните ученички активности(2)

За *учениците* е прашањето бр .6. Наставникот ни помага и не насочува во реализирање на активностите во слободното време.(3)

прашањето бр.9 за *родителите* Наставниците успешно ги реализираат слободните ученички активности во кои членува моето дете (4)

**Прва хипотеза 1. Претпоставуваме дека наставниците не придаваат доволно значење на слободните активности**

**Табела бр.1**

| **прашања** | | |
|---|---|---|
| Бр.1. Ги советувам учениците да учествуваат во слободните ученички активностии прашање(1) | **наставници** | |
| секогаш | 108 | 77,14% |
| понекогаш | 32 | 22,85% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр2 .Подготвувам програма за реализација на слободните ученички активности(2)** | **наставници** | |
| секогаш | 135 | 96,42% |
| понекогаш | 5 | 3,57% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.6. Наставникот ни помага и не насочува во реализирање на активностите во слободното време.(3)** | **ученици** | |
| секогаш | 89 | 84,76% |
| понекогаш | 16 | 15,23% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 105 | 105 |

| | | |
|---|---|---|
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.9 . Наставниците успешно ги реализираат слободните ученички активности во кои членува моето дете (4)** | **родители** | |
| секогаш | 106 | 88,33% |
| понекогаш | 9 | 7,50% |
| никогаш | 5 | 4,167% |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |

Според направената анализа на прашањата од анкетниот лист за наставници, родители и ученици во функција на хипотезата бр. 1 согледуваме, дека наставниците во голем процент, односно 77.14% или 108 наставника се изјасниле дека секогаш ги советуваат учениците да се вклучат во одредена слободна активност,со понекогаш одговориле22,85% од наставниците или 32.

Со второто прашање или наставникот подготвува програма за слободните ученички активности со секогаш одговориле 96,42% или 135 наставника , а со понекогаш 3,57% или5 наставника.

Во функција на хипотезата се анализираа и прашањето за ученици бр.3 со секогаш одговориле 84,76% од учениците или 89 со понекогаш 15,23% или 16 ученика .

На прашањето бр.4 родителите со секогаш одговориле 88,33% или 106 родители а со понекогаш одговориле 7,50% или 9 родители, со никогаш одговориле 4,167% или 5 родители.

Од добиените одговори од анкетниот лист за наставници, ученици и родители, може да констатираме дека наставниците во голема мера придаваат доволно значење на слободните активности. Поради тоа сметаме дека првата хипотеза се отфрла, наставниците придаваат важност на слободните ученички активности, подготвуваат програми, ги советуваат учениците за учество им помагаат во реализацијата на

слободните активности а родителите сметаат дека наставниците успешно ги реализираат слободните ученички активности во кои членуваат нивните деца.







Графикон бр.1 Графикон бр.2




Графикон бр.3

Графиконите бр.1, 2 и 3 ги претставуваат графички одговорите на наставниците, родителите и учениците кои се во функција на докажување на хипотеза бр. 1.

## Хипотеза бр.2

## Претпоставуваме дека наставниците не ги реализираат во доволна мера задачите на слободните ученички активности

Во функција на докажување на втората хипотеза се анализираат ставовите на наставниците , родителите и учениците од анкетните листови .

**За наставниците ги анализираме одговорите на прашањата од анкетниот лист.**

Прашање бр.3.Користам разни наставни средства за мотивирање и поттикнување на учениците во слободните активности.Од вкупно анкетирани наставници 140 со секогаш одговориле 127 наставника или 90,71%,со понекогаш 13 наставника или 9,28% со никогаш 0 или ниту еден наставник .

Прашање бр.4.Работам и планирам заедно со учениците теми блиски и интересни за нивната возраст. Со тврдењето секогаш одговориле 133 наставника или 95% проценти , со понекогаш 7 наставници или 5,00% проценти и со никогаш ниту еден наставник .

Прашање бр.5.Ги охрабрувам учениците за самостојни активности во слободните ученички активности и им давам насоки. Со тврдење секогаш одговориле 135 наставници или 96,42% , со понекогаш одговориле 5 наставници или 3,57% со никогаш нема ниту еден наставник.

Прашање бр.6.Учениците на часовите по слободни ученички активности стекнуваат нови и интересни претстави и знаења.Со тврдењето секогаш одговориле 136 наставници, или 97,14%,со понекогаш одговориле 4 наставници или 2,85% со никогаш нема .

Прашање бр.7.Организирам натпревари и ги поттикнувам учениците да учествуваат во нив . Со секогаш одговориле 64 наставници или 45,71%,со понекогаш 72 или 51,42% и 4 наставници одговориле со никогаш или 2,85%

Прашање бр.8.Ги пофалувам учениците кои се истакнуваат со своите знаења и се дружат и помагаат на другите деца во групата .Со тврдење секогаш се изјасниле 138 наставници или 98,57%а со понекогаш 2 наставици или 1,42%, со никогаш нема .

**Анализа на одговорите од анкетниот лист за родителите**

Прашање бр.3.Слободните ученички активности успешно се реализираат во училиштето .Од вкупно анкетирани 120 родители со секогаш се изјасниле 87 родители или 72,5%, со понекогаш 25 родители или 17,85% и 8 со никогаш или 6,66%

Прашање бр.6.Реализацијата на слободните ученички активности позитивно влијае на развојот на личноста на моето дете .Со тврдењето секогаш се изјасниле 109 родители или 90,83% со понекогаш 11 родители или 9,166%,никогаш нема одговорено.

Прашање бр. 8.Низ слободните ученички активности моето дете стекнува нови знаења вештини и способности. Со тврдењето секогаш одговориле 111 родители или 92,5% со понекогаш 9 родители или 7 , 5% со никогаш нема одговор.

Прашање бр.9 .Наставниците успешно ги реализираат слободните ученички активности во кои членува моето дете . Со секогаш одговориле106 родители или 88,33%,со понекогаш 9 родители или 7,50% ,со никогаш 5 родители или 4,167% .

Прашање бр.14 Децата се порелаксирани и по креативни за време на слободните ученички активности .Со тврдењето секогаш одговориле 115 родители или 95,83% и со тврдењето понекогаш одговориле 5 родители или 4,16% , со никогаш нема одговор.

**Анализа на одговорите од анкетниот лист за ученици**

*Прашање бр.1.*Имам доволно информации за организирање на слободните ученички активности во моето училиште.Од вкупниот број на анкетирани ученици 105 со тврдењето секогаш одговориле 81 ученици или 77,14% , со понекогаш 24 ученици или 22,85% со никогаш нема одговор.

*Прашање бр.6* Наставниците ни помагаат и не насочуваат во реализирањето слободните ученички активности .Со секогаш одговориле 99 ученика или 94,28 % а со понекогаш 6 ученици или 5,71% , со никогаш нема одговор.

*Прашање бр.7.*За време на слободните ученички активности стекнувам нови интересни информации и знаења.Со секогаш одговориле 96 ученика или 91,42%,со понекогаш 8 ученика или 7,61% , а со никогаш 1 ученик или 0,95%

*Прашање бр.8* .Учествувам во натпревари од разни областа ,организирани во слободните ученички активности во и надвор од училиштето.Со секогаш одговориле

27 ученици или 25,71% со понекогаш одговориле 62 ученика или 59,04% , со никогаш одговориле 16 ученика или 15,23%.

Одговорите на наставниците , родителите и учениците табеларно ке ги претставиме во табела бр.2

Табела бр.2(а)

| **прашања** | | |
|---|---|---|
| **Бр.3.Користам разни наставни средства за мотивирање и поттикнување на учениците во слободните активности .** | **наставници** | |
| секогаш | 127 | 90,715 |
| понекогаш | 13 | 9,28% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.4.Работам и планирам заедно со учениците теми блиски и интересни за нивната возраст.** | **наставници** | |
| секогаш | 133 | 95% |
| понекогаш | 7 | 5,00% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.5.Ги охрабрувам учениците за самостојни активности во слободните ученички активности и им давам насоки.** | **наставници** | |
| секогаш | 135 | 96,42% |
| понекогаш | 5 | 3,57% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.6.Учениците на часовите по слободни ученички активности стекнуваат нови и интересни претстави и знаења.** | **наставници** | |

| | | |
|---|---|---|
| секогаш | 136 | 97,14% |
| понекогаш | 4 | 2,85% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.7.Организирам натпревари и ги поттикнувам учениците да учествуваат во нив .** | **наставници** | |
| секогаш | 64 | 45,71% |
| понекогаш | 72 | 51,42% |
| никогаш | 4 | 2,85% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.8.Ги пофалувам учениците кои се истакнуваат со своите знаења и се дружат и помагаат на другите деца во групата .** | **наставници** | |
| секогаш | 138 | 98,57% |
| понекогаш | 2 | 1,42% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |

Наставниците ставовите по однос на прашањата поставени во анкетниот лист ги изнеле според анализита доста слично иако беа анкетирани наставници од повеке училишта на територија на градот Скопје, сепак остануваат повеке дилеми пред кои и самите се исправени, слободните ученички активности не се ставени во наставниот план како број, предвидени за реализиација, според возраста и одделенијата .

Наставниците користат разни нагледни средства, планираат, поттикнуваат, мотивираат во голем процент според дадените анализи, организираат делумно натпревари и ги вреднуваат резултатите.Останува само една подршка која е неопходна од институциите за една јасна рамка по однос на поставеноста на слободните ученички активности. Која засега е доста широка и треба одредени насоки на кои и самите наставнице ќе се потпрат.

**Анализа на одговорите од анкетниот лист за родителите и табеларно претставување**

Табела бр.2(б)

| **прашања** | | |
|---|---|---|
| **Бр.3.Слободните ученички активности успешно се реализираат во училиштето .** | **родители** | |
| секогаш | 87 | 72,5% |
| понекогаш | 25 | 17,85% |
| никогаш | 8 | 6,66% |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.6.Реализацијата на слободните ученички активности позитивно влијае на развојот на личноста на моето дете ..** | **родители** | |
| секогаш | 109 | 90,83% |
| понекогаш | 11 | 9,16% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр. 8.Низ слободните ученички активности моето дете стекнува нови знаења вештини и способности.** | **родители** | |
| секогаш | 111 | 92,5% |
| понекогаш | 9 | 7,5% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.9 .Наставниците успешно ги** | **родители** | |

| реализираат слободните ученички активности во кои членува моето дете . | | |
|---|---|---|
| секогаш | 106 | 88,33% |
| понекогаш | 9 | 7,50% |
| никогаш | 5 | 4,167% |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр. 14 Децата се порелаксирани и по креативни за време на слободните ученички активности .** | **родителите** | |
| секогаш | 115 | 95,83% |
| понекогаш | 5 | 4,16% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |

Од анализата на ставовите на родителите по однос на хипотезата сметаат дека нивните деца во училиштето реализираат слободни ученички активности, дека слободните ученички активности позитивно влијаат на развојот на личноста, децата се порелаксирани и покреативни во времето на слободните активности. Во слободните активности учениците стекнуваат нови знаења, вештини и способности.

Прашање бр.1.Имам доволно информации за организирање на слободните ученички активности во моето училиште.Од вкупниот број на анкетирани ученици 105 со тврдењето секогаш одговориле 81 ученици или 77,14% , со понекогаш 24 ученици или 22,85% со никогаш нема одговор.

Прашање бр.6 Наставниците ни помагаат и не насочуваат во реализирањето слободните ученички активности.Со секогаш одговориле 99 ученика или 94,28 % а со понекогаш 6 ученици или 5,71% , со никогаш нема одговор.

Прашање бр.7.За време на слободните ученички активности стекнувам нови интересни информации и знаења.Со секогаш одговориле 96 ученика или 91,42%,со понекогаш 8 ученика или 7,61% , а со никогаш 1 ученик или 0,95%.

Прашање бр.8.Учествувам во натпревари од разни области, организирани во слободните ученички активности во и надвор од училиштето. Со секогаш одговориле 27 ученици или 25,71% со понекогаш одговориле 62 ученика или 59,04% , со никогаш одговориле 16 ученика или 15,23%.

**Анализа на одговорите од анкетниот лист за ученици и табеларно претставување**

Табела бр.2(в)

| **прашања** | | |
|---|---|---|
| **Бр. 1.Имам доволно информации за организирање на слободните ученички активности во моето училиште.** | **учениците** | |
| секогаш | 81 | 77,14% |
| понекогаш | 24 | 22,85% |
| никогаш | / | / |
| вкупно | 105 | 105 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.6 Наставниците ни помагаат и не насочуваат во реализирањето слободните ученички активности .** | **учениците** | |
| секогаш | 99 | 94,28% |
| понекогаш | 6 | 5,71% |
| никогаш | / | 0% |
| вкупно | 105 | 105 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр.7.За време на слободните ученички активности стекнувам нови интересни информации и знаења.** | **учениците** | |
| секогаш | 96 | 91,42% |
| понекогаш | 8 | 7,61% |
| никогаш | 1 | 0,95% |
| вкупно | 105 | 105 |
| проценти | 100% | 100% |

| Бр.8 .Учествувам во натпревари од разни областа ,организирани во слободните ученички активности во и надвор од училиштето. | учениците | |
|---|---|---|
| секогаш | 27 | 25,71% |
| понекогаш | 62 | 59,04% |
| никогаш | 16 | 15,23% |
| вкупно | 105 | 105 |
| проценти | 100% | 100% |

Учениците имаат информации за организацијата и реализацијата на слободните ученички активности, наставниците им помагаат и ги упатуваат, стекнуваат нови знаења и интересни информации, делумно учествуваат на натпревари во училиштето и надвор од него.

**Втората хипотеза** - Претпоставуваме дека наставниците не ги реализираат во доволна мера задачите на слободните ученички активности- ја тестиравме преку ставовите на наставниците , родителите и учениците и сметаме дека реализацијата на задачите на слободните ученички активности може да ја отфрлиме или делумно да ја прифатиме,само како дел од административни недостатоци , односно (не) постоење на појасни инструкции од страна на Бирото за унапредување на образованието .

Потребно е подетално и појасно да се дефинираат рамките за реализирање на слободните ученички активности, во новиот концепт на деветгодишно воспитание и образование .

Графички приказ на одговорите на наставниците во функција на докажување на хипотезата бр.2

Графикон бр.4 Наставници




Графикон бр. 5 Родители



Графикон бр.6 Ученици




**Во функција на докажување на хипотеза број 3 Претпоставуваме дека наставниците не се во доволна мера мотивирани за реализација на слободните ученички активности (парична надокнада и слично )**

**Во функција на докажување на хипотезата се анализираат ставовите на наставниците, родителите и учениците од анкетните листови .**

Од анкетниот лист за наставници :

Прашање број 11 Мотивиран сум за реализирање на слободните ученички активности од вкупно 140 наставници со тврдењето секогаш одговориле 30 наставници или21,42%,со понекогаш одговориле 107наставника или 76,42% и со никогаш одговориле 3 наставници или 2,142%

Од одговорите на наставниците забележуваме дека поголемиот број на наставници своите ставови за реализација на слбодните ученички активности по однос на мотивација ги групирале во понекогаш, или никогаш односно од вкупно 140 наставници 110 се изјасниле за понекогаш или никогаш што ја потврдува хипотезата

дека наставниците не се во доволна мера мотивирани за реализација на слободните ученички активности. Графички изглед на ставовите на наставниците .

Графикон број.7 Во функција на хипотеза број 3

Одговорите на наставниците од анкетниот лист




Мотивацијата на наставниците за реализација на слободните ученички активности зависи од многу работи, наставниците имаат законска обврска за реализација и организација на слободните ученички активности, но до сега немаше парични награди или било каков документ со кој би се пофалиле или истакнале наставниците кои постигнале одредени успеси на локални или други натпревари. Се се сведува на одредени формални благодарници или пофалници за наставникот кој треба да посвети и време и енергија за дополнителните активности.

**Хипотеза број 4 Училиштата немаат услови за реализација на слободните ученички активности .**

Во функција на докажување на втората хипотеза се анализираат ставовите на наставниците , родителите и учениците од анкетните листови .

*наставници* се следниве прашања:

Прашање број 12.Условите за реализација на слободните ученички активности се соодветни и одговараат на планираните содржини .Од 140 наставници со секогаш одговориле 88 или 62,85%, со понекогаш 40 наставници или 28,57% и со никогаш одговориле 12 наставниц или 8,57%.

Прашање број 20 .Колку училиштето создава услови за реализација на предвидените слободни ученички активности .Од 140 наставници со тврдењето воопшто не создава одговориле со 0 или ниту еден , со делумно создава 127 или 90,71%наставници и со многу создава одговориле 13 наставници или 9,28% .

Во функција на докажување на хипотезата ги анализиравме и одговорите на родителите и учениците

*Прашање број 12 од анкетниот лист за родители.*Училиштата имаат соодветни услови за реализција на слободните ученички активности со секогаш одговориле 30 родители или 25%,со понекогаш одговориле 78или 65% од родителите и со никогаш одговориле 12 родители или 10%.

*Прашање број 11 од анкетниот лист за ученици* .Условите за работа во училиштето се соодветни за реализирање на слободните ученички активности .Од вкупно 105 со секогаш одговориле 45 ученици или 42,85%,со понекогаш 58 ученика или 55,23% со никогаш 2 ученика или 1,90%

Табеларно претставени одговорите на наставниците, родителите и учениците во функција на докажување на хипотеза број 4.

**Хипотеза број 4 Училиштата немаат услови за реализација на слободните ученички активности .**

Табела број 3

| **прашања** | | |
|---|---|---|
| **Бр.12.Условите за реализација на слободните ученички активности се соодветни и одговараат на планираните содржини .** | **Наставници** | |
| секогаш | 88 | 62,85% |
| понекогаш | 40 | 28,57% |

| | | |
|---|---|---|
| никогаш | 12 | 8,57% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр. 20 .Колку училиштето создава услови за реализација на предвидените слободни ученички активности .** | **наставници** | |
| многу создава | 13 | 9,28% |
| делумно создава | 127 | 90,71% |
| воопшто не создава одговориле | / | 0% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр. 12.Училиштата имаат соодветни услови за реализција на слободните ученички активности .** | **родители** | |
| секогаш | 30 | 25% |
| понекогаш | 78 | 65% |
| никогаш | 12 | 10% |
| вкупно | 120 | 120 |
| проценти | 100% | 100% |
| **Бр. 11 .Условите за работа во училиштето се соодветни за реализирање на слободните ученички активности .** | **учениците** | |
| секогаш | 45 | 42,85% |
| понекогаш | 58 | 55,23% |
| никогаш | 2 | 1,90% |
| вкупно | 105 | 105 |
| проценти | 100% | 100% |

По однос на потврдување на **хипотеза број 4.** Училиштата немаат услови за реализација на слободните ученички активности .Голем број од наставници одговорле со делумно или понекогаш условите се прикладни за реализација на слободните ученички активности или повеке од половината сметаат дека нема доволно услови .Исто е и со одговорите, ставовите на родителите и учениците .Од вкупниот број на родители 120, 78 од нив сметаат дека делумно или понекогаш условите за реализација

се соодветни со планираните содржини а од учениците дури 58 ил 55,23 % сметаат дека понекогаш условите се работа се соодветни.Што покажува дека хипотеза број 4 делумно ја прифакаме и потврдуваме .

Графикон број 8 во функција на хипотеза бр.4

*наставниците






Графикон број 9

*родители



Графикон број 10

*ученици




Во функција на докажување на хипотеза број 5

**Претпоставуваме дека со новиот концепт на деветгодишно основно образование и воспитание ,наставниците сметаат дека нема доволно време за реализација на слободните активности .**

Ги анализиравме следниве прашања за **наставници :**

Прашање бр.19 Кои се вашите ставови по однос на поставеноста на слободните ученички активности во новиот концепт на девтгодишно основно образование и воспитание во функција на подобрување на реализацијата –ова прашање е од отворен тип се анализраат одговорите на наставниците

Анализирајќи ги ставовите на наставниците ке се забележи една речиси изедначеност по однос на преобемноста на наставните програми , голем број на часови во редовната настава , при што се губи времето кое треба да биде време за слободни активност.

Наставниците се преоптоварени со административни работи водење на документација која многу време бара од наставникот да ја подготви , изработи , на крај тој не е мотивиран за реализација на слободните активности .Обврските се во многу зголемени и на наставникот и на ученикот но за жал поради тоа трпи квалитетот на наставата и реализацјата и негување на воспитниот дел и развојот на ученикот .Општа забелешка е дека дојдовме до copy –paste време а не време на квалитетно и конкретно знаење. Премногу информации имаат учениците за меморирање а со екстерното се и наставниците и учениците во голема мера оптоварени поради делот да не се потфрли или колку успешно ке се пренесат меморираните и преобемни содржини .

Ставовите на поголемиот дел на наставниците се дека со тоа што слободните активности не се вброени во наставниот план свесно се изземени и направен пропуст кој само по себе ке ги доведе и наставниците во заблуда дали тие треба да се реализираат .

Во програмата за работа на училиштата во законот стои и се укажува на делот за слободни активности но за жал многу сиромашно и без вистински насоки.

Наставниците притиснати од рокови и формативно и сумативно следење во многу поголем обем административно се оптоварени , но сепак по однос на резултатите за знаењата на учениците вистинската слика допрва ке се согледа бидејки во периодот на анализа,следење и реализирање на овој труд деветгодишното образование сеуште не е завршено

Сметаме дека доколку се направи една реална анализа ќе се воочат и согледаат недостатоците а ке се вреднуваат предностите на овој концепт на образавание . Наставниците укажуваат на намалување на вкупниот бројот на часови едно и ревизија на програмите по наставните предмети, и нивно прочистување.

Прашање број 21. Колку наставниот план и програм има и нуди можност за реалзација на слободнте активности. Со воопшто не нуди одговориле 3 наставници или 2,14%,со делумно нуди 126 или 90,00% и со многу нуди 11 наставници или 7, 85%.

Табела број 4

| **прашања** | |
|---|---|

| Бр.21. Колку наставниот план и програм има и нуди можност за реалзација на слободнте активности | Наставници | |
|---|---|---|
| воопшто не нуди | 3 | 2,14% |
| делумно нуди | 126 | 90% |
| многу нуди | 11 | 7,85% |
| вкупно | 140 | 140 |
| проценти | 100% | 100% |

Графикон број 11

*Наставници



Прашање во функција на хипотеза број 5 **за родителите**

*Прашање број 15* Дали сте запознаени со новиот концепт на деветгодишно основно образование и воспитание по однос на поставеноста и функцијата на слободните ученички активности со да одговориле 102 или 85% од родителите а со не 18 или 15 % од родителите .Што покажува дека родителите се запознати со новиот концепт и поставеноста на слободнте ученички активности.

*Прашање број 16* Кои се вашите ставови во функција на подобрување на реализацијата и организацијата на слободните ученички активности Родителите одговориле :

1.Посестрано вклучување на наставничкиот кадар во реализацијата на слободните активности.

2.Збогатување на содржините на програмите за слободните активности и подобрување на условите за работа .

3.Ревидирање на програмите за редовната настава и намалување на наставните предмети и содржини по предмети .

4.Слободните активности треба да станат навика на учениците а обврска на наставниците .

5.Родителите не се доволно информирани за организацијата на слободните активности , во нив треба да се вклучат и талентирани и помалку талентирани ученици .

6.Учениците се преоптоварени со редовната настава и со многу предмети ,преобемни содржини кои не одговараат за возраста .

7.Помалите групи на ученици , подобро усвојуваат одредени содржини .

8.Почеста реализација , учениците сами да одбираат во која активност ке учествуваат без ничие влијание .

9.Подобрување на условите во училиштата за реализација на слобдните активности.

10.Преоптоварени се учениците од часовите во редовната настава треба да се намали нивното времетраење .

11.Не сме информирани доволно како родители

12.Училиштата да издвојуваат повеке средтства за техничка подршка ,CD-плеери , материјали за работа , и др.

13.Да се подобрат условите за спортски активности

14.Почитување на мислењата на учениците , разговор со нив , ннасочување

15.Помош од разни организации во однос на дидактички материјал , средства , игри , играчки .

16.Повеке заеднички излети ,креативни работилници и друго.

Разгледувајки ги сите овие ставови на родителите доаѓаме до размислување колку се тие блиску до реалноста по однос на барањата на слободните ученички активности нивната поставеност и реализација , потребата и помошта на наставниците и подобрување на условите за работа .

Навистина доколку се подобрат условите во училиштата и реализацијата ке биде подобра ,доколку учениците не се преоптоварени со содржини од редовната настава , една убава навика која ке ги насочува и изградува младите личности .

